**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седмото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 септември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,36 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам колегите пратеници да влезат во салата зошто наскоро продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со работа по 69-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Јани Макрадули, Игор Ивановски, Весна Бендевска, Никола Ќуркчиев, Тале Герамитчиоски, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Бесим Догани, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Даут Реџепи, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Благој Зашов, Данаил Дончев и Валентина Божиновска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Збор има господинот министер за правда. Повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа,

Со изборниот законик од март 2006 година се обедини изборната регулатива и се обезбеди една поопстојна законска основа за спроведување на изборите во Република Македонија.

Законикот во себе вклучи и одреден број на препораки на ОБСЕ-ОДИХР што ги објави во рамките од претходно спроведените избори.

Иако на поголемиот дел на правната рамка се гледа на позитивна појава која придонесува кон подобрување на изборната атмосфера во Република Македонија, сепак нејзиното успешно спроведување е условено во три компоненти во изборниот процес, а тоа се политичките партии и државните институции. Сите тие како учесници во изборниот процес преку почитувањето на законикот треба да го почитуваат владеењето на правото, заради што и законите од оваа обаласт постојано се надоградуваат.

Според конечниот извештај на набљудувачката мисија за избори ОБСЕ-ОДИХР Изборниот законик, и понатаму нуди одредби кои имаат одредени недоречености, па и контрадикторности.

Посочени се одредбите кои го регулираат прашањето за финансирањето на изборната кампања, парашањето за улогата и надлежноста на ДИК и прашањата кои се однесуваат во врска со овластувањата на Државниот завод за ревизија и други прашања на кои што се укажува во извештајот на ОБСЕ после спроведените парламентарни избори.

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик, водењето на Избирачкиот список кој согласно Изборниот законик сега е во наделжност на Министерството за правда, се предвудува да премине во надлежност на ДИК.

Икуствата од другите земји, претходните препораки на ОБСЕ, како и организационата поставеност на ДИК, како орган надлежен за спроведување на изборите, налагаат целосна надлежност за водењето на избирачкиот список и евиденција на избирачкото право да премина на овој орган.

Во рамките на подготовките на Предлогот за донесување на закон на Изборниот законик, измените и дополнувањата, остварени се контакти со ДИК и добиени се согласности дека избирачкиот список треба да премине во надлежност на ДИК.

Почитувани дами и господа пратеници,

Следејќи го примерот и искуството на европските земји, стремежот на Република Македонија да го усогласи своето законодавство со своето, ја наметна потребата од изменување и дополнување на Изборниот законик со нови решенија со кои ќе се уреди начинот и постапката на гласањето на дијаспората односно на државјатите на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство, да гласаат во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во земјата каде што живеат и работат.

Временскиот период во кои се предлагаат измените на овој Законик, одат во прилог на тоа и остава можност за подготовка и доследна имплементација на предвидените законски решенија. На тој начин со предвидувањето на овие решенија во Изборниот законик се зајакнува остварувањето на избирачкото право на граѓаните на Република Македонија, загарантирано со членот 22 од Уставот на Република Македонија.

Согласно предложените измени, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство ќе учествуваат на избор на претседател на Републиката и за избор на тројца пратеници во Собранието на Република Македонија .

Гласањето на овие лица за избор на претседател на Република Македонија и за избор на пратеници ќе се врши во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во Европа и Африка, Северна и

Јужна Америка и во Австралија и Азија според пропорционалниот модел.

Подготвувањето на списоците за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство ќе се врши врз основа на евиденцијата од надлежниот орган, каде според законот тие се должни да го пријават својот престој во странство. Исто така, оваа категорија на граѓани ако сакаат да го остварат своето избирчко право се должни да се пријават во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија. Само таа категорија на граѓани кои ќе достават пријава и кои ќе ги исполнуваат условите во запишување на Избирачкиот список ќе бидат запишани во посебните избирачки списоци за гласање во странство.

Значи да резимирам, оние државјани кои нема да се пријават за гласање во дипломатско конзуларните претставништва на нашата замја во земјата каде што престојуваат не може да гласаат, но нема да бидат избришани од изводите на избирачкиот список на кои се гласа во Република Македонија, со тоа што во забелешката ќе има одбележување дека се отсутни од Република Македонија што беше пракса и во изминатиот прериод.

Со ова решение што се предвидува во Изборниот законик практично се создава можност за реално остварување на избирачкото право на граѓаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство, заради тоа што свесни сме дека правото што досега им беше загарантирано, повеќе беше формално отколку суштински. На овој начин со предвидувањето на гласањето на државјаните на Република Македонија во странство во дипломатско конзуларните претставништва, практично се доближуваат избирачките кутии во избирачките места во дипломатско конзуларните претставништва и на тој начин се создава можност за реално остварување на избирачкото право на граѓанинот на Република Македонија кој живее и работи во странство и кое право го има согласно Уставот на Република Македонија.

Во подготвувањето на овие законски одредби се имаа предвид компаративните решенија од земјите во Еврпа и пошироко, значи решенијата од Канада, Германија, Бугарија, Хрватска, Словенија,Италија и Босна и Херцеговина. Измеите на Изборниот законик со овие решенија не се ексклузивно право кое што се предвидува само на државјаните на граѓаните на Република Македонија. Сакам, почитувани пратеници, да ве потсетам дека пред неколку месеци еден нацрт на измени и дополнувања на Изборниот законик кој што го предвидуваше ова решение, беше доставен до претставниците на сите политички партии застапени во Собранието и по тој нацрт текст на Изборниот законик се одржаа неколку расправи во Охридската сала, каде што се усогласуваа ставовите и каде што во усогласувањето на тие ставови не беше доведено во прашање павото на граѓаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство да го остваруваат своето право на глас така како што тогаш беше предвидено во Изборниот законик, во избените и дополнувањата иако тогаш беше предвидено тој број да биде под 2, а не по 1. Со оглед и на искажувањата кои што беа во тие расправи, сега Владата, тргнувајќи и од тие дискусии од тие расправи се определи од граѓаните на Република Македонија кои живеат и работат во странство, да избираат три претставници односно по еден, а не по два како што тогаш беше предвидено во законот.

Мислам дека овие измени и дополнувања, кои што во таа фаза на нацртот на законот, беа доставени исто така и во Советот на Европа, на Венецијанската комисија и во делот на коментарот по ова прашање стои: “мерките за да им се дозволи на граѓаните на привремен престој во странство да гласаат, беа имплементирани во голем број земји, но модалитетите за тоа варираа”, што значи секој земја според своето национално законодавство го уредува ова прашање, но при тоа почитувајќи ги меѓународните стандарди за гласање.

Во прилог на регулирањето на ова прашање сакам уште да нагласам дека и со претходнио изборни закони ова прашање не било непознато во Република Македонија, бидејќи со Изборниот законик од 1990 година број 28/90, граѓаните на привремена работа и престој во странство можат да гласаат на избирачките места во последното живеалиште на територијата на Република Македонија пред заминувањето во странство или во дипломатско конзуларни претставништва.

Сакам посебно да се осврнам на прашањето што се однесува до обезбедувањето на загарантираните места во пратеничкиот дом на припадници на помалите заедници кои се наведени во преамбулата на нашиот Устав. И за ова прашање во изминатиот период имаше и има и размислување и потврда за таквите решенија има и различни мислења, меѓутоа, сепак, интенцијата е при креирањето на овие законски решенија да се обезбеди поголема партиципација на помалите етнички заедници во политичкиот живот во Република Македонија. Со уредувањето на ова прашање се очекува да се постигне:

Прво, поефикасна застапеност на помалите етнички заедници во законодавниот дом во Република Македонија.

Второ, за јакнење на мултиетничкото општество.

Трето, поттикнување на доверба и создавање на еднакви шанси и еднаква основа на партиципација.

Четврто, поголема репрезентативност на гласовите на помалите етнички заедници.

Петто, истакнување на инвидуалните квалитети наспорти доминацијата на партиското лидерство во донесувањето на одлуките за кандидатурата при изборите.

Шесто, поголема можност за самостојно учество на помалите етнички заедници кои имаат застапеност под 20% од вкупното население во Република Македонија.

Седмо, зголемувањето на влијанието на помалите етнички заедници во однос на донесувањето на одлуките односно спроведувањето на државната политика и нивната одговорност.

Имајќи ги во предвид сите наведени аспекти се пристапи кон регулирање и на ова прашање, што секако дека не е непознато и во други земји, како што се Словенија, Италија, Хрватска, Романија и други држави.

Собранието на Република Македонија, согласно предлогот за изменување и дополнување на Изборниот законик се предвидува да го сочинуваат 133 пратеници. Од нив 120 пратеници ќе се избираат како и досега според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на 6 изборни единици утврдени со овој законик и во секоја изборна единица се избираат по 20 пратеници.

Три пратеници се избирааат според пропорционалниот модел и тоа по еден пратеник од 3 изборни единици од Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија утврдени со овој законик за кој ќе гласаат државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство за избор на претседател на Република Македонија и за избор на пратеници на Собранието во Република Македонија.

Десет пратеници во Собранието на Република Македонија се предвидуваат да се избираат од припадниците на Турската, Српската, Ромската, Бошњачката и Влашката заедница кои се избираат во посебна изборна единица која ја сочинува територијата на Република Македонија, според пропорционалниот модел.

На овој начин се обезбедуваат 10 пратенички места за припадниците на зедниците и се гарантира избор на претставници во законодавниот дом на Република Македонија од помалите заедници и тоа 4 пратеници од Труската, 2 пратеници од Српската, од Ромската 2 пратенци и од Бошњачката и Влашката заедница по 1 пратеник.

Со ова практично се операционализира уставното начело за еднаквост на сите граѓани на Република Македонија да имаат претставници во законодавниот дом, а во конкретниот случај помалите заедници што е во согласност и со Уставот на Република Македонија.

Почитувани пратеници, ова решение не загрозува ниту едно право на било која заедница или превземена обврска.

Сосема нереално е решавањето на ова прашање да се врзува за дневно политички цели, како што е изборот на 5-те члена на Судскиот совет на Република Македонија.

На овој начин помалите етнички заедници ќе го понесат и делот на одговорноста за остварувањето на функциите на државата и во законодавниот дом.

Тие не можат да бидат постојано во зависност од тоа дали некоја поголема политичка партија ќе ги земе под закрила или ќе ги земе во коалиција, па на тој начин да обезбедат влез во законодавниот дом.

Оттаму, решавањето на ова прашање на овој начин, практично сите заедници што се наведени во Преамбулата на Уставот на Република Македонија ги става во еднаква и рамноправна положба и застапеност во законодавниот дом, како израз на остварувањето  на демократските права наведени во Уставот на Република Македонија.

Ве молам, Собранието на Република Македонија да ја утврди потребата од донесувањето на измените и дополнувањата на Изборниот законик и да ја задолжи Владата на Република Македонија согласно расправата во комисиите, во работните тела во Собранието и согласно расправата што ќе уследи во законодавниот дом, да ја задолжи Владата да подготви предлог за измени и дополнувања на Изборниот законик на Република Македонија.

Ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас, господине министре.

Повелете господине Незири, вашата процедурална интервенција.

**Сафет Незири:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Поради многу чувствителната тема, значи, темата е Изборниот законик, ние како парламентарна група за да направиме анализа на говорот на господиниот Маневски, бараме еден час пауза за да ги добиеме стенограмите и за да ги анализираме и да имаме конкретен став после паузата.

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам пауза од еден час.

(Пауза од 11,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,10 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Стенографските белешки од излагањето ви се поделени.

За процедурална интервенција се јави господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници,

Мојата интервенција е деловничко процедурална, согласно член 76 и член 79 од Деловникот за работа на Собранието и барам Собранието да гласа и да одлучи за одложување на расправата по Предлогот на законот што е на денешната

седница. Согласно член 76 Владата дополнително да го разгледа и на Собранието да му поднесе извештај со мислење во однос на прашањето дали со овој закон се започнува менување на уставната поставеност на Република Македонија. Дозволете ми накратко да го образложам овој мој предлог.

Во јавноста овој закон се поврзува само со рамноправност на помалите етнички заедници. Јас немам апсолутно ништо право, тоа и во пракса сум го докажал, немам против тоа, но сметам заради начинот на кој што е предложен барам Владата дополнително да се изјасни и да објасни дали започнуваме со измена на уставната поставеност на Република Македонија. Имено, се работи за следново, дами и господа.

Согласно преамбулата на Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија - внимавајте сега - Македонскиот народ, како и граѓаните кои живеат во нејзините граници кој се дел од албанскиот народ, дел од турскиот народ, влашкиот, српскиот, ромскиот, бошњачкиот народ и другите и т.н., со оглед на времето да не читам. Во преамбулата на Уставо тточно е кажано македонскиот народ и дел од другите народи кои се наброени во Уставот.

Сега го поставувам отворено прашањето, со Предлогот на овој закон дали дефинитивно предлагачите предлагаат Македонија да има два конститутивни народи, тоа е македонскиот народ и албанскиот народ кои ќе бидат на една страна, и деловите на народи од етнички заедници за кои сега предлагате квоти во овој закон.

Владата мора по тоа прашање децидно да се изјасни. Сметам дека ова е опасна работа која може Македонија да ја вовлече во други политички длабоки кризи. Никој од Европската унија до сега ова не го побарал од нас, во однос на овој закон, и се прашувам зошто ова го правите. Ако предлагате закон, тогаш предложете и за дел од албанскиот народ да има квоти. Во спротивно промовирате опасна работа во Република Македонија.

Затоа предлагам да се одложи расправата по законот и Владата да даде свое мислење и дополнување во однос на прашањето кое што го изнесов.

Барам подршка од 10 пратеници за ова. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Да видиме дали има подршка од 10 пратеници. (Повеќе од 10 пратеници креваат рака).

Предлогот го ставам на гласање.

Да видиме дали имаме кворум во салата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејки има сериозна разлика меѓу бројот на присутни пратеници и потребниот кворум од 61 пратеник, давам десет минути пауза за кворум.

(Пауза од 12,15 до 12,23 часот)

Би сакал да ја поздравам делегацијата на Косовскиот Парламент предводена од постариот политички советник Петер Ван Хот, која е горе на галеријата.

(Аплауз во знак на поздрав).

Наскоро ќе имаме чест да поздравиме и парламентарна делегација од Словачката Република.

Сега продолжуваме таму каде што застанавме, а потоа ќе добиете збор господине Рахиќ и господине Стоиљковиќ.

Продолжуваме со гласање.

Го ставам на гласање предлогот на господинот Слободан Најдовски да се повлече и овој Предлог, да се одложи и Владата уште еднаш да размисли дали со ова не се отвораат уставни прашања. Мислам деак добро го формулирав предлогот.

Кој е за предлогот на господинот Најдовски, ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника. За гласале 15, воздржано гласал 1, против гласале 46 пратеници.

Според тоа, предлогот не е прифатен.

Процедурално побараа збор господата Хасипи, Рахиќ и Стоиљковиќ.

Повелтете господине Хсипи, имате процедурална интервенција.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе. Секој пратеник во ова Собрание има право согласно деловникот да побара одложување на расправа по некоја точка на дневен ред, меѓутоа нема право произволно да го толкува Уставот.

Мене ми е жал што овде има дузина правнци и не реагираа на ова барање од колегата, бидејки сите правници знаат дека преамбулата не повлекува правно дејство. Секој Устав на секоја држава почнува од член 1. Во светот има најразлични устави, некои имаат преамбула, некои немаат, меѓутоа, во сите земји во светот преамбулата не повлекува правно дејство, па според тоа, ова е ваше произволно толкување. Сакам само да ви кажам што вели Уставот. Уставот во Република Македонија познава мнозинска заедница и познава немнозински заедници, од кои едната е над 20% и врз основа на нејзината процентуална застапеност над 20% и се доделуваат ексклузивни права кои се утврдени во Уставот на Република Македонија. Денес ние зборуваме за изборен законик, за регулирање на изборите во Република Македонија и сме должни изборниот законик да го правиме онака како што налагаат меѓународните стандарди и ратификуваните договори што согласно член 118 од Уставот на Република Македонија се составен дел на внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. Вие тоа добро го знаете, па според тоа оваа расправа, ако продлжите вака, ќе има и те како лош тек. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Не би предвидувал тек на расправа.

Повелете господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Ние денес расправаме за еден сериозен законски проект и мислам дека има луѓе што се заинтересирани да слушнат што кажуваат другите и да кажат што мислат тие. Чисто прагматично почнав, кога влегувавме заедно меѓу првите тука ...

Можеме ли да се слушнеме колеги? Ако треба да се надвикуваме, кажете.

(Реакција од пратеници дека не се слуша доволно гласно говорот).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за поголема тишина во салата.

**Есад Рахиќ:** Има луѓе што сакаат да слушнат што мислат нивните колеги во Парламентот и луѓе што сакаат да кажат што тие мислат за овој закон. Затоа ви реков побарав на почетокот расправата од оваа седница да се одложи, затоа што токму и јас претставувам дел од заедниците кои имаат интерес да се расправа за овој закон. Затоа побарав и сега барам, бидејки на друго место има многу битна Комисија за безбедноста во Република Македонија, каде што исто така колегата Стоиљковиќ и дел од колегите кои припаѓаат на етничките заедници се, сакаме да расправаме, би ве замолил претседателе да дадете пауза од час, час и половина или после 14,30 часот да расправаме и ние да дадеме придонес, затоа што сметам дека можеби овој законски предлог е добар во еден сегмент, но да кажам зошто сметам дека во друг законски сегмент не е добар. Меѓутоа, за да донесам заклучок и како ќе гласам, сакам да слушнам што говорат моите колеги Слободан Најдовски, Ристана Лалчевска и останатите, што зборуваат и кажуваат, за да можам да формирам лично мислење до крај. Затоа ќе ве замолам уште еднаш да ми дозволите на седницата на Комисијата за безбедност и одбрана, бидејки министерката Јанкуловска е тука, да присуствуваме и да ја завршиме седницата за да можеме сите заедно да дискутираме за овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Јас мислам дека според пријавените луѓе овде за дискусија седницата ќе трае најмалку дваипол дена, така да секој ќе има прилика да се изјасни. Ако даваме паузи, ќе дадеме многу лош знак на јавноста во Република Македонија, како што гледам и на странски гости, дека ние повеќе нашите седници ги посветуваме на паузи отколку на дискусии.

Повелете господине Стоиљковиќ.

(Реакција на пратеникот Есад Рахиќ со зборовите: "немаме кворум").

Имаме кворум. Јас сум принуден да работам и со задоволство тоа го правам по Деловник. Ако нема кворум, ќе мора да има пауза.

Повелете господине Стоиљковиќ вашите три минути.

**Иван Стоиљковиќ**: Господине претседателе, процедуралната забелешка се однесува кон вас од проста и едноставна причина што вие како претседател на Собранието на Република Македонија посебно должни сте согласно Деловникот за работ ана Собранието на Република Македонија да ги ставите во заштита не само пратениците, уште повеќе, пратениците кои се претставници на помалите етнички заедници кои инаку се во незавидна ситуација и ваквите предлози кои се мошне перфидни, кои што сакаат да фрлат вина врз помалите етнички заедници дека нивните барања или она што се нарекува унапредување на правата на помалите етнички заедници, всушност ја менува уставната конституција на Република Македонија, што не е само невистина, туку едно такво перфидно извртување на аргументите кое треба да не стави нас во ситуација да се преиспитуваме дали важат нашите барања и дали она за што ние треба да зборуваме дека сме во право или не. Затоа, сметам дека во иднина ваквите предлози во најмала мера треба да ги одбиете, ако ништо друго, барем да ни дадете простор и благодарам што бевме во ситуација процедурално да интервенираме, затоа што се наоѓаме и на други места на работа на собраниските тела и не можеме да постигнеме да ја согледаме работата во целина. Затоа ве молам да не земете во заштита, затоа што очекувам во натамошниот тек на расправата да изразат уште пострашни тези кои треба во суштина да не фрлат на уште пониска позиција во македонското општество отколку што сме до сега.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ја разбирам вашата критика, меѓутоа, сметам дека кога имаме на дневен ред еден ваков закон кој треба значително да ја подигне пермисивноста и демократичноста на нашето општество, јас да не бидам репресивен па да земам зборови уште во процедуралната расправа и т.н.

Сега би продожил, повелете господине Рафис три минути процедурално.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

И оваа седница покажува дека ДУИ била во право кога за предложениот закон од страна на Владата, значи Предлог закон за изборниот законик поднесе 4100 амандмани, значи самата седница покажува, затоа што ние како ДУИ се ставивме во заштита на демократијата. Буквата А од демократијата е изборниот законик во една држава. Затоа, начинот како се изготви овој закон покажува сега дека не е изготвен како што треба. Како и да е, ние го поздравуваме мнозинството затоа што вчера излезе со нов предлог, со предлог законот да оди во две фази, да се отвори поширока дебата во Република Македонија и навистина да се постигне и достигне формулата која ќе биде прифатлива или која би придонела идниот закон да се прифати и донесе со

консензус, даден од сите политички субјекти кои се во земјата и со тоа сите да можат да го дадат својот придонес Република Македонија да ги направи следните чекори во насока на демократизација на земјата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Алити, истото го мислам.

Повелете господине Најдовски, но да приврршуваме со процедуралниот дел за да почнеме со дебатата, дебатата е најважна.

Повелете процедурално сосема кратко уште еднаш по втор пат господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Соглед на тоа што забелешките беа директно упатени кон мене, жалам што господинот Стоиљковиќ не беше тука и не слушна што предложив, што погрешно ме разбрале, но јас побарав од Владата бидејќи таа е предлагач на законот, еве за појаснување да кажам дека не се предлагачи пратениците во Собранието, побарав мислење по едно прашање за кое Владата во Предлогот на законот и образложението на законот сенема произнесено. Побарав заради тоа да се произнесе Владата. Тоа е соема легитимно и во согласност со Деловникот за работа на Собранието. Никаква перфидност господине Стоиљковиќ и господине Хасипи нема во мојов предлог, а сум длабоко убеден дека расправата тоа ќе го покаже. Во својата работа посакувам и сакам чисти предлози во Собранието. Јас сум убеден дека овој закон и откако ќе се донесе ќе предизвика други поместувања во Република Македонија. Воопшто немам против, напротив, вие ги знаете моите ставови околу етничките заедници во Република Македонија, но убеден сум и само во таа насока да ме разберете дека Владата треба да се произнесе за своето мислење. Да сме живи и здрави, ќе видиме што ќе предизвика овој закон, наместо спојување, поделеност во Република Македонија. Тоа е мое мислење и како пратеник дозволете ми да го имам. Само за појаснување се јавив.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега дозволете да и дадам збор на госпоѓа Цветанка Иванова и да ја започнеме дебатата, повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

Господине заменик министер, колеги пратеници, почитувана јавност на Република Македонија,

Нема позначајно прашање за демократијата во било која демократска земја и позначајна расправа за демократијата во било која земја од расправата по Изборниот законик. Општиот впечатоковде кај нас во изминатиот период, секако и денес и вчера во ова Собрание, е дека има тензија меѓу пратениците од позицијата и од опозицијата. Причина за вакво нешто е што воопшто за овој предлог на закон опозицијата во целина не е консултирана, не е прашана и не учествувала во изградбата н а концептот на овој Предлог закон. Се соочивме под притисок на опозицијата односно под притисок на аргументите на опозицијата, под притисок на меѓународните институции, Советот на Европа, Венецијанската Комисија парламентарното мнозинство, не Владата, затоа што тоа е веќе алиби за Владата, излезе да каже, да ретерира, да каже дека го повлекуваме Предлогот на законот и остануваме на Предлогот за донесување на закон.

Почитувани колеги, ваквиот начин на псотапување не го амнестира ВМРО-ДПМНЕ од немањето чувство за едно вакво важно политичко прашање, за еден ваков закон кој што практично е слика за демократијата во Република Македонија. Значи останување само на Предлогот за донесување на закон значи амнестирање на ВМРО-ДПМНЕ и дел од коалиционите партнери секако од чувството дека во Република Македонија и понатаму нема политички договор. Во Република Македонија нема политички консензус за важни прашања кои се од интерес на сите овде, на сите политички партии.

Почитувани колеги, мојот став и ставо тна СДСМ е уште еднаш под силината на аргументите кои овие денови додека трае дебатат ние како СДСМ ќе ги изнесеме, повторно да ретерирате и да го повлечете Предлогот за донесување на закон, затоа што се сметаме дека овој концепт што сте го предложиле не е концепт на закон, односно не се сака да се постигнат целите кои ги цитираше како министерот за правда како овластен предлагач, така и изјавите во медиумите на носители на политички функции на ВМРО-ДПМНЕ, туку целта е една и единствена, да се реши едно друго прашање со создавање на впечаток дека се решава едно право на власт, замислете, на дијаспората и уште повеќе, замислете, на етничките заедници, па замислете, за кое што СДСМ бил против. Значи воопшто не се работи за тоа дека СДСМ е против одредени решенија, туку се работи за начинот дека сме против начинот и постапката со која се дојде до овој Предлог за донесвување на закон.

Затоа уште еднаш предлагам на претставникот на предлагачот,откако ќе ги ислуша нашите аргументи, да го повлече Предлогот за донесување на закон, да се седне на маса онака како што и до сега се седнувало од страна на сите релевантни политички субјекти во Собранието и надвор од Собранието и да се направи концептот на измените на овој закон со кој ќе се постигнат двете најважни цели според предлогот, гласање на дијаспората и загарантирани места на етничките заедници и да се тргне од впечатокот она што сакаше владеачката гарнитура да го наметне дека СДСМ е против гласањето на дијаспората и дека СДСМ е против загарантираните места на помалите етнички заедници.

Јас би тргнала од аргументација на тезите зошто треба да се повлече Предлогот за донесување на законот по ред според аргументите што ги

изнесуваше министерот за правда, со кои ја образлагаше потребата од донесување на овој закон секако и со аргументите на колегата Трајко Вељаноски, со кој побара да се тргне од собраниска процедура Предлогот на закон.

Почитувани колеги, основна причина заради која вие аргументирате односно претставникот на предлагачот следствено на тоа и колегата Трајко Вељаноски, заради кои треба да се донесе овој закон, по ред ќе одам, е: усогласување на нашето законодавство со Европското законодавство и ќе ги објаснувам теза по теза.

Почитувани колеги воопшто, дури и оној кој воопшто не разбира од изборните концепти, му е јасно дека во Република Македонија во овој период, барем во овој период не е потребно и не е приоритетно прашање усогласување на изборното законодавство со европското законодавство. Зошто? Затоа што 2006 година донесовме Изборен законик кој беше услов за кандидатскиот статус, кој Изборен законик даде еден плус за добивањето на овој статус и секако овој Изборен законик беше оценуван од Европската комисија, од Венецијанската Комисија и тогаш беше дадено позитивно светло, што значи дека овој закон беше оценет дека ги исполнува сите стандарди кои што се утврдени во актите на Меѓународната заедница односно на Советот на Европа. Значи не држи образложението дека го усогласуваме изборното законодавство со законодавството на Европската унија.

Второто образложение заради кое се предлага изменувањето и дополнувањето на овој закон е прашањето за финансирање на изборната кампања. Воопшто сега не е приоритет прашањето за финансирање на изборна кампања затоа што немаме избори. Имаме време, ќе го решаваме и овој проблем.

Третиот аргумент заради што се предлага измени и дополнувања на овој закон, е надлежноста за водење на избирачкиот список да премине во надлежност на Државната изборна комисија. И ова не е никаков аргумент затоа што во преодните и завршни одредби нема ставено никаде рок кога Државната изборна комисија ќе го преземе водењето на овие списоци. Тоа се вика оној момент кога ќе биде подготвена, а кога ќе биде подготвена не знаеме, ќе видиме. Значи и тоа е никаков аргумент.

Другите аргументи за гласањето на дијаспората и загарантираните места на помалите етнички заедници ќе ги коментирам малку подолу.

И секако, на крајот аргументите на министерот се сведуваат на следната теза која можеби потсвесно, затоа што знае зошто го предлага донесувањето на овој закон, ќе рече сосема нереално е решавањето на ова прашање да се врзува за дневно политички цели, како што е изборот на петте члена на Судскиот совет на Република Македонија. Да, господине министер, сосема е реално дека овој закон или овој Предлог на закон се поднесува и се нуди заради решавање на овој проблем односно за избор на петте члена на Судскиот совет во кој сакате да создадете впечаток дека решавате нешто, а всушност вие им нудите мала услуга на етничките заедници, со овој предлог, со тоа што ќе го искористите Бадентер, ќе ја ставите во аут опозицијата и ќе го изберете Судскиот совет односно останатите пет члена на Судскиот совет кои членови ќе бидат по ваша волја и кои членови ќе бидат "војници на ВМРО-ДПМНЕ", а тоа не е целта ниту на реформите во судството и заради тоа беше така осмислено решението за членови на составот на Судскиот совет, за да има баланс помеѓу властите, но очигледно за вас тоа не важи и ја туркате сопствената агенда.

Почитувани колеги и колегата Трајко Вељаноски и министерот кажаа дека време е сега да се донесе овој закон. Сите аргументи што претходно ги кажав, зборуваат дека не е време. Република Македонија одбројува ситни денови до објавувањето на извештајот на Европската комисија за објавување на датумот за отпочнување на преговори.

Ако се сеќавате, имаше една координација на која беа повикани сите координатори на политичките партии во Собранието со која требаше да се договорат приоритетни закони кои треба да се донесат до крајот на септември. Зошто почитувани колеги, ни е овој закон, кога овој закон не ни е услов за отпочнување на преговорите. Дали повторно сакате да отворите и да наметнете нов услов затоа што само така, или затоа што вие во вашата агенда ја немате Европа, затоа што вас не ве интересира Европа, а ако навистина сметате поинаку, денес наместо Изборниот законик на дневен ред ќе беше конституирањето на Судскиот совет. Денес наместо измените на Изборниот законик ќе беше на дневен ред донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за управни спорови, денес на дневен ред ќе беа законите кои ни се услов за добивање на позитивен извештај од Европската унија. Но, бидејќи вие не сметате не Европската унија и не ви е потребно донесување на вакви закони. Сега, почитувани колеги, зошто ни е овој краток рок, до крајот на септември, го трошиме на измени и дополнување на Изборниот законик. Кому му е потребно. Сакам од претставникот на предлагачот, по завршувањето на мојата дискусија да ми одговори зошто му е приоритет изворниот законик, а зошто не му се приоритети сите ови закони или сите овие работи што треба Собрнието да ги заврши до крајот на септември, кои исто така се од негова надлежност. Поинаку, додека не стане да каже, јас ќе сметам дека сосема е оправдано нашето чувство односно нашето мислење дека овој закон се предлага со цел да се добие Бадинтер и да се изберат петте членови на Судскиот совет.

Почитувани колеги, би сакала да дебатирам нешто околу постапката во која се донесува овој закон.

Јас ја имав таа привилегија и чест во претходниот парламентарен состав да бидам

пратеник и уште поголема чест да бидам во работната група за изготвување на работната верзија на Изборниот закон. Но, бидејќи ова прашање подигна многу тензии, се потрудив да стапам во контакт со луѓето од претходните парламентарни состави кои учествувале во работни групи за изготвување на изборни законици или измена на Изборниот законик и без исклучок беше фактот дека никогаш, ама никогаш во Република Македонија не се пристапило да се донесува Изборен законик или негова измена, без претходно да се усогласат ставовите помеѓу политичките партии, особено политичките партии во Парламентот. За прв пат во Република Македонија се прави преседан. Со исклучување во целост на опозицијата ни се нудат измени на Изборниот законик.

Ќе се потсетам само на 2006 година и некаде средината на 2005 година како претходното парламентарно мнозинство менаџираше со донесувањето на Изборниот законик. Тогаш се одржуваа бројни трибини, се консултираа сите релевантни политички субјекти, се одржуваа тркалезни маси со претставници на сите политички партии и надвод од Парламентот и на крајот се изгради заеднички концепт на Изборниот законик. Вие знаете дека ВМРО-ДПМНЕ на пленарната седница поднесе значајни амандмани што сменија значајни решенија во Изборниот законик и истите беа прифатени од парламентарното мнозинство и од тогашната Влада затоа што бевме свесни и сега сме свесни дека Изборен законик не може да се донесува без висок политички консензус. За жал, ваков консензус ние немаме и затоа бараме да се повлече Предлогот за донесување на овој закон, да седнеме на маса заедно сите и политичките партии во овој Парламент и надвор од Парламентот затоа што и тие се играчи на политичката сцена и да го направиме концептот за измени и дополнувања во насоката што тука сакаме да ја тераме. Вака како што е е само дејствување на ВМРО-ДПМНЕ, врз основа на исклучивост, дека се она што го предлага треба да биде прифатено, имаат мнозинство, малцинството нека се буни, ние ќе се мајоризираме, а малцинствоо има право да се буни но нема да биде прифатено. Тоа нема да придонесе за развојот на демократијата во Република Македонија, тоа уште повеќе ќе ги заостри односите помеѓу политичките партии и тоа уште повеќе ќе ја заостри атмосферата во Република Македонија што навистина не ни е потребно.

Почитувани колеги, дозволете да констатирам уште нешто.

Во овој мандат ни се случуваат две чудни нешта. За политичките партии Устав се Законот за политички партии и Изборниот законик. Во ова парламентарно мнозинство ни се случува да биде изменет и дополнет Законот за политички партии, без да се консултира опозицијата и да се изменува и дополнува Изборниот закон, без повторно да се консултира опозицијата. Како мислите понатаму да градите односи за подобрување на политичкиот дијалог, како мислите понатаму за одредени прашања кои се од витално значење, да постигнуваме висок консензус кога за основните прашања кои се есенцијални за политичките партии, вие ја маргинализирате опозицијата. Затоа уште еднаш повикувам на свест, уште еднаш со силината на аргументите да ретерирате и да го повлечете и Предлогот за донесување на овој закон за да можеме во една порелаксирана атмосфера, без тензии, без оние етикети кои сакате да ги наметнете, да седнеме и да поразговараме за концептот и за целта која сакаме да ја постигнеме со овој закон, ако, секако, како што кажав, немате некоја друга цел, а тоа е да се купат помалите етнички заедници за Бадинтер и да може да се направи Судскиот совет.

Почитувани колеги, мене ме чуди, министерот во своето образложение или аргументација кажа дека овој Предлог бил даден на експертиза на Советот на Европа и на Венецијанската комисија. Не само што не е даден, туку пред некој ден имаше изјава во медиумите, затоа што ние секако од медиумите дознаваме, немаме пристап до работите кои ги терате, што не е добро. Имавме една изјава на претставник на Венецијанската комисија дека воопшто не се ни консултирани за овој Предлог и дека тоа не е нивно решение, тие не дале никаков став. Тоа е уште еден аргумент повеќе зошто навистина треба да се повлече Предлогот за донесување, дотолку повеќе пак Министерството за правда, како ресорно Министерство по овој закон, знае дека има потпишано активен меморандум со ОБСЕ и со една наша невладина организација која се занимава со прашањето околу изборната проблематика во кој меморандум се обврзува да се одржи широка дебата за учество на сите релевантни политички субјекти и да се отстранат евентуалните недоследности кои се покажале на изборите во 2006 година, а за останатите прашања, како што е гласање на дијаспората и загарантираните гласови на помалите етнички заедници е политичко прашање и секако, повторно уште еден аргумент, треба ние да седнеме и заеднички да одлучиме.

Сега малку околу она што значи решение и гласање на дијаспората.

Почитувани колеги, за гласањето на дијаспората, точно е дека во Охридската сала имаше разговори. Тогаш СДСМ не беше и сега не е против правото дијаспората да гласа. Но, тогашниот предлог, ако добро се сеќавате, беше дијаспората да гласа само за парламентарни избори, но не и за претседателски избори. И сега како тогаш ништо да не се случило, наметнувате дека ние сме разговарале, сме прифатиле и сега отстапуваме. Не, отстапувате вие, отстапувате затоа што сакате на мала врата да спроведене решенија кои ќе ви послужат за една друга цел, ако е нешто не смееме да го пуштиме во овој Парламент. Ние и тогаш и сега велиме дека не сме против правото дијаспората да гласа. Сме за

ивното право да гласаат, сме да гласаат за парламентарните избори и бараме во Законот да се обезбедат силни механизми со кои ќе се осигураат фер и демократски избори. Овие решенија овде не го нудат тоа. Овие решенија овде повторно ќе бидат извор на кршења на изборното право и не фер парламентарни и секако како што предлагате и претседателски избори.

Околу прашањето зошто СДСМ не е за дијаспората да гласа за претседателски избори, аргументот е дека никогаш, бидејќи бројот на гласачите во дијаспората никогаш нема да се знае точно затоа што овде немате ни дефиниција што е дијаспора. Процентот од 50% никогаш нема да биде постигнат и никогаш во Република Македонија нема да биде избран Претседател на државата.

Околу прашањето за загарантирани мандати на етничките заедници, почитувани колеги јас сум изненадена како ВМРО-ДПМНЕ сака да наметне теза само за нив дека СДСМ бил против правата на помалите етнички заедници. Само погледнете кој досега седеше на наша страна и кој од припадниците на етничките заедници седи во вашите редови. На нашата страна, јас со гордост можам да констатирам дека седат и Турци и Роми и Бошњаци и Срби и Власи. На вашата страна седи само Ром и Влав или колешка Влаинка која по потреба ја направивте Влаинка, пак повторно за решавање на едно прашање кое ви требаше за да направите ситуација во едно тело во Собранието.

(Од место се јавува пратеничката Силвана Бонева и му укажува на претседателот да реагира, велејќи да не се навредуваат колегите)

Јас не навредувам, јас зборувам со факти. Не навредувам етничко чувство, не кажав ништо, јас кажав само дека, пред избори се декларирате дека сте едно, а после тука друго.

Ве молам јас сакам да си го завршам говорот, вие имате право на реплики и можете да ми реплицирате.

Значи, не можете, колку и да сакате не можете да ни наметнете црно петно дека СДСМ во Република Македонија е против помалите етнички заедници, не можете да ни наметнете и вие да ни зборувате за меѓуетничка толеранција кога сите проблеми што сме ги имале во претходниот мандат, заради етничка толеранција, ние овде на нож сме биле пречекувани. Заради меѓуетничката толеранција ни беа каменувани куќите. Заради етничката толеранција бевме чувани сите ние пратениците, да господине Ѕинго јас бев чувана еден месец, постојано имав полицаец пред мојата куќа, а во мојата куќа никогаш не влегол полицаец. Ме чуваше и покрај моето инсистирање дека нема потреба да ме чува. Не чуваа нас пратениците, сите, заради нашата меѓуетничка толеранција. Сега да се фрла црно петно врз нас дека ние сме биле против етничката толеранција, дека сме биле ние против правата на етничките заедници. Мислам дека нема да ви запали оваа теза затоа што повторно велам, сликата го покажува на дело она што сакам да го покажам.

Зошто ви го велам ова. Значи, не сме ни против едното решение да гласа дијаспората. Не сме ни против другото решение да гласа, односно да имаат загарантирано мандати помалите етнички заедници. Свесни дека ова се политички прашања, не се правни, за тоа и Венецијанската комисија кажува. Ставот на Венецијанската комисија е дека гласањето на дијаспората и на помалите етнички заедници е политичко прашање и тоа секој ќе си го реши во своето национално законодавство. И бидејќи ви кажав аргументи, зошто ние сме против Предлогот за донесување, а не сме против правата на овие две категории, поблечете го Предлогот за донесување на законот, да седнеме и да се договориме за концептот. И ви се молам, господине заменик министер, вие сте и правник, вие сте и претставник на ресорното министерство од кое што се бара да се донесат сите овие законски акти, кои што се приоритет до крајот на септември. Одговорете ми, зошто не предложивте да се донесе законот за управни спорови. Да побрзате. Зошто не се конституира Судскиот совет, но се предлага, донесување на измена и дополнување на Изборниот законик. Што ни е приоритет. Што мака не тера сега да ги губиме овие 20 дена во дебата парламентарна, која што нема воопшто врска со приоритетите на Република Македонија. Или повторно, маката е да се вети на помалит етнички заедници да гласаат, да го обезбедат Бадинтер, да го конституираме Судскиот совет, а потоа ќе видиме за Изборниот законик, што викаат старите ала керим, ќе видиме, ќе почекаме. Венецијанската комисија вели вака: правото на помалите етнички заедници да бидат претставени во Парламентот е прашање на националното законодавство. Секоја држава треба да води сметка граѓаните кои што живеат во таа држава да бидат презентирани со нивни претставници. Но секако, државата која што се одлучила, затоа што ние имаме компаративни искуства, каде што не секаде припадниците на помалите етнички заедници имаат претставници. Но ние и до сега сме имале без загарантирани вакви мандати, и еве и од сега. Но Венецијанската комисија вели, немојте да дозволите граѓаните да стекнат чувство дека им се прави некоја услуга за против услуга. Точно вака гласи ставот на Венецијанската комисија.

Почитувани колеги и како правник и како човек и како пратеник јас ова чувство во овој момент го имам. Го имам чувството дека се користат помалите етнички заедници за да се фрли анатема дека СДСМ е против тие помали етнички заедници, за да се придобијт за гласање на членовите на Судскиот совет, а не заради навистина, за желбата на помалите етнички заедници да бидат со загарантирани мандати да бидат претставници. Моето чувство е дека ќе бидат искористени овие етнички заедници. А за

да не бидат искористени помалите етнички заедници повелете, повлечете го Предлогот за донесување на законот, ги кажавме нашите аргументи, ви ги кажавме нашите ставови и дајте да седнеме да се договориме. и за гласање на дијаспората и за механизмите кои ќе бидат вградени да се обезбеди фер и демократски избори и за загарантирани места на етничките заедници, но навистина загарантирани места, а не еднократно да се злоупотребат и дајте да не трошиме време во оваа парламентарна сала, каде што треба до крајот на септември да ги завршиме овие работи кои што ги искажавме. Кој е аргументот, еден кажете ми, зошто ние да трошиме сега денови во дебата, а тие денови ни се одброени. Значи за подобрување на впечатокот на Европската комисија во Република Македонија, тешко дека се движи, дека може да ни се даде како позитивен тој извештај, да направиме нешто, а не вака да се вртиме во круг. Сега ние сме ставени во една игра на ВМРО-ДПМНЕ, која што ја поддржуваат коалиционите партнери. Јас како пратеник не сакам да бидам вовлечена во оваа игра. Јас како пратеник сакам да придонесам да исполнам до крајот на септември уште еден од овие услови, што ќе ни донесат уште еден плус за позитивен извештај, а тоа не е Изборниот законик и затоа барам овој предлог да се повлече и од утре да почнеме со дебата по вашите прашања што ни значат плус за Европската комисија, за позитивен извештај. Во спротивно, ќе остане впечатокот дека ова повторно се прави за добивање на Бадинтер за да се реши едно друго прашање, кое што после многу страшно ќе ни се одрази во судската власт, затоа што кога пристапивме кон уставните измени, целта не ни беше Судскиот совет да го партизираме, туку целта ни беше да создадеме една структура на Судскиот совет, која што ќе гарантира независно судство. Во спротивно, со овој потег правите дупла штета на Република Македонија. Додавате уште еден услов за европското интегрирање. Значи, Изборниот законик кој што никој не ни го бара, го губиме времето од 20-тина и не знам колку дена да решиме нешто од важните прашања кои што ни се бараат. Значи, ги користиме помалите етнички заедници еднократно и немојте, дајте повлечете го законот за да можеме да седнеме и да поставиме концепт во насока во која што ќе се движи Република Македонија околу правото на глас и околу правото да се бира и да се биде биран. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Кенан Хасипи повелете, вашите три минути.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе, добро ја ислушав колешката Цветанка Иванова и се јавив да и реплицирам од две причини.

Прво би сакал во репликата нешто да ја прашам, а второ, да ја предупредам до колку и понатаму настапува, да не користи термини од типот да се купат помалите етнички заедници, од едноставна причина, што Кенан Хасипи не бил никогаш за продавање, ниту пак може некој да го купи.

Кенан Хасипи не се пазари, туку има политички барања кои што помалите етнички заедници ги имаат во континуитет од поле првите парламентарни избори, па до последните. Зошто првите парламентарни избори донесоа такви резултати што трета по бројност етничка заедница немаше свој претставник во ова Собрание, како што немаат свои претставници и останатите етнички заедници, освен ромската. Значи се работи за барање во континуитет.

Второ, што би сакал да ја прашам, јас бев во поширокатa група за изготвување на Изборниот законик и во неколку наврати го поставував прашањето за гарантираните места на помалите етнички заедници.

На денот на потпишувањето на Платформата за заедничко делување на членките на коалицијата “За Македонија заедно”, на новинарско прашање како гледа премиерот и претседателот на СДСМ, тогашниот претседател господинот Владо Бучковски на гарантиранит места, добивме позитивен одговор. Сега, јас ја прашувам Цветанка што се случи, што ваквото гледиште на тогашниот премиер не помина ни со органите на СДСМ, за да не дојдеме сега во ситуација да ни се префрлува дека се продаваме или се купуваме. Имавме прилика тогаш да го решиме ова прашање, за сега да не го поставиме во многу порадикална форма отколку што тогаш беше поставено. Според тоа, јас ве молам, а ќе ги молам и идните дискутанти да не користат термини од типот купопродавање, бидејќи овде ниту некој се купува, ниту се продава, овде сме за да ги штитиме интересите на заедниците кои што ги претставуваме. Јас им должам благодарност на СДСМ што покажаа тогаш слух, вклучувајќи претставници од други етнички заедници да имаат свои претставници овде. Меѓутоа, сеуште сум уверен и ги убедувам дека тоа не е решение, бидејќи имаме многу сериозни проблеми во рамките на коалицијата во која што сеуште сме барем правно членки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Иванова има контра реплика. Една минута, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Му благодарам на репликата на господинот Кенан Хасипи, затоа што можам да се дообјаснам, ако погрешно ме сфатил. Не зборував за нивно продавање, туку зборував за нивно купување од страна на владеачкото мнозинство, а тоа е очигледно. На прашањето на репликата би му одговорила односно би го запрашала зошто, сега токму во овој момент. Ги почитувам вашите барања и секако дека ќе настојуваме ние како СДСМ вашите барања да бидат решени, но зошто, токму во овој момент се случува оваа фарса.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега реплика има господин Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Прво би сакал да кажам дека е добро што СДСМ и ДУИ го сменија своето мислење по однос на учеството на работата по оваа точка од дневен ред и да ги искажам овде на пленарна седница своите мислења околу Предлог-законот за измени и дополнувања на Изборниот законик.

Одредени работи, колешката Иванова Цветанка ги кажа и мислам дека мора да се реагира во смисла за што се кажани невистини.

Прво, опозицијата за овие решенија што се предложени дискутираа и добиена е согласност од дијаспората, ќе потврди Радмила Шекеринска како претседателка и по нивен предлог е вклучено да има по еден од Европа, Америка, Австралија. Нивно барање беше за да дадат поддршка за гласањето на дијаспората. Значи, не го менувајте ставот дека сте дале согласност. Дадена е согласност. Тоа го знаат и медиумите, го знае и јавноста.

Второто, загарантираните места, не дека имаме добиено согласност, туку е консултирано, разговарано. Беше во Клубот на пратениците кога се разговараше, тие беа запознати во врска со тоа.

Во однос на Венецијанската комисија, само да ве потсетам, како вие правевте. Дававте еден работен текст на мислење на Венецијанската комисија, а друг текст доставувавте овде на Собрание. Тоа го знае јавноста. Ако сакате да ги извадиме на интернет искажувањата од наша страна дека различни текстови се давани на Венецијанска комисија и различни текстови во Собранието. Мафтавте дека имате добиено согласност од Венецијанската комисија.

Друго, вие што ја спомнавте работната група, само да ве потсетам дека за Изборниот законик од ВМРО-ДПМНЕ никој не учествуваше, и покрај тоа што беше дадена согласност од тогашниот премиер Бучковски дека од ВМРО-ДПМНЕ треба да учествува некој во работната група.Имаше 10 писма од ВМРО-ДПМНЕ до Министерството за правда во кои се одлучуваше кое лице да биде претставник во таа работна група. Конкретно јас бев претставник. И никој не ме повика. А вие, Цветанка Иванова, Блаже Стојановски и други учествувавте во таа работна група под изговор експерт, а не како претставници на политички партии. Никогаш не учествувала ВМРО-ДПМНЕ во таа група и затоа не би требало да искажувате мислење, невистини, дека тогашната опозиција учествувала во работната група. Ако вие, како што тајно соработувавте со ВМРО Народна тогаш, и ја сметате само таа како опозициона партија, тоа е друго прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Цветанка Иванова има контра реплика, повелете.

**Цветанка Иванова:** Значи, ние не сме го промениле мислењето господине Вељаноски. Вие рефериравте вчера под притисок на нашите аргументи, под притисок на Венецијанската комисија. Зошто се смеете, вчера го повлековте Предлогот. Значи, дајте ни и вие мислење од Венецијанската комисија, па да видиме како е по вашиот предлог. Сте ги гледале нашите, какви се такви се, поминале. Дајте и вие мислење на Венецијанската комисија. Лажете дека сме разговарале за гласање за дијаспората. Дотолку повеќе во оној предлог писмен кој што го добивме, со кој ништо не се постигна. Имавте за загарантирани места на помалите етнички заедници. Значи, сега тоа го уфрлате, повторно со една единствена цел. Бадинтер ви е во Владата господине Вељаноски, не ви е Изборниот законик.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Жерновски имате три минути реплика.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе,

Колешке од СДСМ јас имам две прашања до вас.

Првото прашање ќе го дадам кога ќе дискутирам, затоа што мислам дека до крај не ја цитиравте Венецијанската комисија. Венецијанската комисија кажа дека Република Македонија, јас ви цитирам, ќе ви го дадам тоа, нема капацитет да организира избори вон своите граници. За ставот на СДСМ ќе ве прашам во друга прилика. Го цитирам вашиот став во врска со она што за жал, иако една мисла вели дека најлошо е да бидеш оној што ќе ја кажеш лошата вест, меѓутоа, вчера за жал, се потврди она што како темни облаци веќе одамна се надвиснуваат над Република Македонија во врска со нашата НАТО интеграција. Имено, наназад веќе една година и челниците на НАТО и Европската унија ни кажуваат дека овој е круцијалниот момент, кога се одлучува за нашата ЕУ интеграција, односно НАТО интеграција и дека политичкиот дијалог е најглавниот проблем од политичкиот критериум, кој што пак претставува кочница во овој момент за Република Македонија.

Почитувани дами и господа, сакам јавноста да ја информрииам, подобро да го знаеме ова, за да преземеме се што можеме во овие преостанати неколку недели. Значи, официјално вчера е потврдено на Блунберг, познатата светска ТВ станица, за она што се зборува за Република Македонија, во врска со НАТО интеграцијата. Јас ќе го цитирам, а ова можете да го најдете како пратеници, како новинари, како граѓани на официјалниот веб сајт на Блунберг. Веста е дека од извори од НАТО се вели дека Хрватска дефинитивно ќе добие покана идната година. За жал, дека Албанија, цитирам, е помалку веројатно дека ќе добие и доаѓаме до најважното, дека Република Македонија е случај кој што се наоѓа на граница на одлучување. Мене ме интересира вашиот став дали сметате дека овој предлог помага во политичкиот дијалот, или имаме предлог со кој дефинитивно од страна на Владата, ние и покрај овие пораки, заглавуваме длабоко, длабоко во живиот песок, наречен политички дијалог, кој што всушност, во овие моменти, кога вниманието на Брисел е конкретно

свртено кон нас, ние праќаме пораки од овој Парламент дека разгледуваме закони, не кои што се дел од едноставната ЕУ агенда, која што треба да ја исполни и НАТО за Република Македонија, туку си создаваме нови и нови услови кои што мораме да ги исполниме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам на репликата на господинот Жерновски.

Не само што со овој закон Груевски дефинитивно раскрстува со европската агенда, туку со овој закон додава уште еден услов во многуте услови за НАТО и за европско интегрирање. Тоа го кажав во говорот.

Благодарам што ми дадовте можност да цитирам само накратко став на Венецијанската комисија вели дека треба националните законодавства да обезбедат претставување на етничките заедници и за таквите активности не треба граѓаните да стекнат перцепција дека се предвидуваат со цел давање мандат на малцинствата и добивање на политичка противуслуга, а политичката противуслуга овде, денеска и со овој закон е Бадентер.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Мислам дека вашата контра реплика на господин Жерновски беше малку навредлива, повишивте тон, немојте друг пат.

Има збор господин Сафет Незири, повелете.

Можете да си продолжите, сигурно.

(Пратеникот има уште 7 минути до пауза за ручек и бара да дискутира после паузата).

А, после да почнете?

Јас немам ништо против, само се добри 7 минути.

Со други зборови вие предлагате прво да биде паузата, па после да дискутирате.

Се надевам дека ќе ги надоместите барем половината во вашиот говор. Благодарам.

Пауза за ручек.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,24 часот)

По паузата седницата продолжи со работа во 14,40 часот).

**Иван Анастасовски:** Би ги замолил службите да ги затворат вратите од салата.

Има збор пратеник господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Моментално, ние како законодавен дом и како претставници на народот и на сите граѓани на Република Македонија моментално се пред еден предизвик или пред еден крстопат кој е доста голем и значаен со што треба да ја дефинираме позицијата не само како Парламент и институција, туку и како држава пред се. Тоа ни е обврска, начелна, принципиелна и приоритетна, обврска пред граѓаните на Република Македонија, пред институциите на оваа држава, пред еден предизвик кој Република Македонија го има пред себе, а тој предизвик на Република Македонија е пред се интрегрецијата во НАТО структурите и во иднина, се разбира, поголемото европско семејство односно во Европската унија.

Многу претходни дискутанти не само на денешниот ден, туку и општата јавност во Република Македонија почнувајќи од аналитичари, па продолжувајќи со политичари кои за основа ја имаат политичката наука дале свои сугестии во однос на ова и свои анализи, политички анализи, доста реални би рекол за сегашната позиција на Република Македонија пред овие предизвици кои претходно ги спомнав.

Сосема е нормално кога една држава или на една држава и се подготвува или и доаѓа време за редовни избори, но и предвремени избори кои треба, се разбира, со забрзана постапка да донесе измени и дополнувања како што е конкретниот случај во однос на Изборниот законик.

Но, благодараение на нашата парламентарна група, а нашата парламентарна група ќе ги искористеше сите инструменти кои ги има на располагање за да ја заштити вредноста на граѓаните на Република Македонија кои не изгласале и ни ја дадоа довербата ние го искористивме ова до максимум со демократски, институционални средства и на еден начин, за наша среќа, оваа Влада на посреден или непосреден начин се опамети и со сугестијата на Советото на Европа и другите европски институции одлучи овој Изборен законик да оди во две фази.

Тоа што го кажав претходно, не знам што и требаше на оваа владина гарнитура да стапне на гнила даска. Кога велам на гнила даска, велам дека ја води Република Македонија и своите институции, слободно можам да кажам, во една провалија од причина што многу предизвици не очекуваат посебно вршејќи една регионална анализа кога знаеме дека нашиот регион е во исчекување за решавањето на статусот на Косово, за решавање на многу други статуси процесите на економските регионални интеграции и пошироко Република Македонија и актуелната Влада, според мене, се занимава со работи кои воопшто не се приоритет за Република Македонија.

Јас ќе почнам и ќе направам една споредба и го поставувам следново прашање. Дали оваа гарнитура или филозофија на оваа политичка гарнитура мисли или има цели, или стреми да се индетификува со политиката на истата политичка гарнитура во текот на 1998 година, кога и ние сите знаеме како заврши политички таа политичка гарнитура и претрпеа не само институциите и државата Република Македонија, туку претрпеа сите граѓани на Република Македонија без оглед на националната припадност, верската итн.

Оваа актуелна политика од конституирањето на Парламентот и посебно при формирањето на оваа Влада се оди на варијантата, за жал, велам можеби на еден моделиран начин на еден начин, да не го искористам зборот во наводници на еден вид на диктатура, на молк или во сенка, со која јас сум претседател на Влада, јас сум државата. Сите тие историјата ги познава, самите се индетификувале со тоа дека јас сум Влада и јас сум држава, добро се знае како завршила нивната политика.

Посебно по парламентарните избори во Република Македонија се прави големо настојување уште од почетокот беше со исмејување на гласовите на албанското гласачко тело во Република Македонија како граѓани и државјани на Република Македонија се продолжува со ист, перманентно која политика на мајоризирање на еден етникум врз друг етникум, исто така со соодветен број со над 20% од вкупниот број во Република Македонија. Мислам дека треба да се отфрли, треба да се исклучи една таква политика, бидејќи не не воведува во благосостојбата и искрени односи, меѓуетнички односи и меѓуконфесионални во Република Македонија.

Нешто вакво се докажа во текот на 2001 година. Наместо ние да се опаметиме од минатото, нашето блиско минато од 2001 година, наместо да се подобриме и да извлечеме поуки од погрешните чекори од 90-те до 2001 година, велам, за жал, од 2006 година и наваму се повторува една идентична политика.

Овој политички концепт кој, реков е на штета на процесите и иднината на државата и на граѓаните. Не знам, но сигурно, еден голем дел од пратениците, мои колеги кои имаат контакти и блиски односи со граѓаните и своето гласачко тело само по себе ние сме поларизирани во две страни. Сосема екстремни, но оваа поларизација, за жал, оди во етнички концепт. Оваа полиризацаја некому, по се изгледа му одговара. А, кому му одговара ова добро знаеме, тоа го знае и ова мнозинство и претставниците на Владата, значи тие кои управуваат со државата и со Владата.

На овој начин дефакто и дејуре се оштетуваат демократските вредности кои ги изградивме со години. Каде е целта, сосема добро се знае, овде дефакто процесот оди кон измени на политичкиот систем во Република Македонија. Кога велам дефакто, додека дејуре не. Кога дефакто и дејуре доаѓат во судир или во судир едни со други како концепти или како опции, верувајте ми може во Република Македонија да ја воведе во една хаотична состојба. Верувајте ми, колеги, посебно им се обраќам на актуелната Влада која сака со овие измени на законот за Изборниот законик на еден начин, на неприроден начин, вештачки начин да направи уставно изедначување на другите етнички заедници во Република Македонија имајќи ги во предвид и многу други етнички во Република Македонија кои живеат, кои можеби, процентуално се со помал број. Но, горе долу, се околу групата на Власите, а тоа се често пати кои се изјасниле како Египќани, но имаме и Бугари посебно во Источниот дел од Македонија како етничка група. Но, да не заборавиме и друга работа. Дека бројот на тие кои се сметаат себеси дека и припаѓаат на бугарската припадност се зголемува од ден во ден во Република Македонија. сигурно ќе имам реплика во оваа насока, но ќе го образложам со факти и аргументи. Многу добро знае и државата и тие кои се занимаваат со статистика дека еден нов број граѓани и државјани на Република Македонија веќе имаат државјанство на Република Бугарија. И тие ќе се произнесат дека и припаѓаат не едната или другата етничка група. Ова може да не доведе до, да не кажам, до загрозувањето на односите можеби со нашата соседна држава.

Во Република Македонија уште од 90-тата година се продолжува перманентно, не велам само оваа Влада, туку говорам од 1990 година наваму уште од кога ПДП беше на власт, беше дискутабилно прашање решавањето на статусот на граѓаните на Република Македонија од етничка албанска припадност во насока на решавањето на статусот на нивното државјанство.

Во Република Македонија живеат соодветен број на Албанци кои половина декада живеат и се родени во Македонија, а се уште не им е решен нивниот статус и се принудени, сакале или не, недостатокот на невработувањето во Република Македонија, недостасување на многу други нешта кои државата воопшто не се заинтересирала и тие емигрираат надвор од државава за привремена работа на запад и на други места.

Кога се вели дека треба да имаме загарантирани места од три континенти, од Северна Америка, Јужна Америка, Европа, Африка, Австралија и Азија мнозинството од овие кои се таму се чуствуваат дека се граѓани на Република Македонија. Но, не им е уредено државјанството и на тие им се оспорува правото, законското право да имаат можност да имаат право да гласаат. Што е во спротивност на сите тие Македонци за кои не сум против, живеат надвор од географските граници на Република Македонија, како на пример Македонците кои живеат во Република Бугарија, Македонците кои живеат во Република Албанија, Горaните кои живеат на Косово и дел од Македонците кои живеат во Јужна Србија. Сите овие, почитувани колеги добија државјанство на Република Македонија и не престојувајќи ниту еден ден во Република Македонија. Додека на граѓаните кои живееле, нивните дедовци и прадедовци, пред нив овде не им е решен нивниот статус додека на сите тие други со национална македонска припадност го уредиле ова прашање и ова само по себе кажува дека се врши една политика која е доста дискриминаторска во однос на сите тие кои не се чувствуваат како Македонци

. Начинот на гласање во дипломатско конзуларните претставништва, добро знаеме и Македонија како држава и актуелната Влада дека колку е Македонија мобилизирана во државите каде ги има своите ДКП-а приближно, плус-минус, се знае дека во светот Македонија има околу 47 дипломатско-конзуларни претставништва. Како може во едно дипломатско претставништво на пример во Германија, во Бон имаме амбасада, додека во околните земји или во другите делови на Германија живеат и работат многу граѓани на Република Македонија кои немаат можност, можеби 300, 400, 500 километри да патуваат за да гласаат во тие дипломатко-конзуларни претставништва. Идентичен случај е и со Австралија. Имаме и во други места, во цел свет и кога ќе направиме една друга анализа во недостаток на информации, во недостаток на техничкиот аспект на подготвувањето на било какви избори, дека ние не можеме реално да ги спроведеме изборите во Македонија, имајќи ги гласачките места околу нашите куќи, а камо ли да направиме нешто идентично надвор од Македонија.

Не случајно Венецијанскиот документ го објасни добро ова и има дадено свои сугестии, свои совети дека нешто вакво Македонија нема капацитети, ни потенцијали, ниту финансиски, ниту технички можности нешто вакво да се спроведе во странство. А ова значи дека води во сомнеж на тоа дека навистина што се подготвува од актуелната Влада за наредните избори. Каде е заднината на сето ова. Се сомнева, се разбира и во тие ДКП-а кои ги имаме, таму каде имаме. Како ќе постапат тие комисии, каков ќе биде составот на комисиите и етничкиот состав на тие комисии, како ќе се гласа во тие ДКП-а. Ние знаеме дека ќе биде еден ден претходно во ДКП-ата, како ќе се уреди начинот на чувањето на гласачките листови на нашите граѓани кои живеат надвор од земајва. Сето тоа прави да се сомневаме дека може да има манипулации на сите тие листи кои се изгласани.

Ние како држава немаме листа на наши граѓани кои се со привремена работаа надвор од земјава. Немаме листа со која ќе се знае на пример, во Франција, или во Германија имаме толкав број на граѓани кои имаат право на глас и толку избирачки листови да однесеме таму.

Но, од друга страна немаме точен број или константен број кои можат да гласаат, а ќе однесеме поголем број на гласачки листови во тие места и се поставува прашањето дали ќе може да дојде до злоупотреба и манипулација на тие гласачки листови во ДКП-а.

Знаејќи на пример дека тие ДКП се делегирани од Владата и со благослов на Претседателот на Републиката и ова не прави да се сомневаме колку ќе бидат релевантни и прифатливи резултатите од изборите, доколку се мисли да се направи нешто, а јас мислам дека е грешка, да се направи изборот во овие ДКП-а.

Политичката филозофија на Никола Груевски која води непосредно во есенцијални разлики меѓу етничките групи и граѓаните на Република Македонија настојувајќи на пример да ја наруши волјата на поголемиот број граѓани албанци во Република Македонија по изборите од 2006 година, сега оди во втора фаза или така нареченаиот планот Б.

Раздорот меѓу Албанците или политички субјект со друг политички албански субјект.

Раздорот меѓу албанците или политичкиот субјект со друг политички албански субјект, оваа владина гарнитура забележа дека работата не им оди во нивна полза и на ниту еден начин на како политичка опција и како парламентарна група секогаш сме биле воздржани да влеземе во еден отворен конфликт меѓу двата политички албански субјекти во овој Парламент. Бидејки оваа политика потфрли, господинот Груевски оди во планот Б, да почне конфликт меѓу албанците и другите етнички заедници. Со тоа што сака етничките заедници од турската заедница, од влашката, од бошњачката, бидејки со нашите ставови до колку ние се произнесеме против овие етнички заедници фактички да не почне некој конфликт меѓу нас и да ја спроведе неговата политика како што тој си го замислил тоа.

Јас апелирам до претставниците на етничките групи никогаш, не само јас како Сафет Незири, ниту нашата парламентарна група, на која и припаѓам јас, ниту нашата политичка опција во ниту еден момент и во ниту едно време нема да нстојува и нема да остави простор да отвори конфликт меѓу албанците и другите етнички заедници како граѓани на Република Македонија.

Ние секогаш ќе настојуваеме и ќе се потрудиме да се унапредат сите други етнички заедници во Република Македонија само на институционален начин, без да се оштети политичкиот и правниот статус на албанците во Република Македонија, бидејки секоја Влада има обврска и должност пред себе на секоја етничка заедница да ги ужива своите права како секој граѓанин и државјанин на Република Македонија. На ниту еден начин и никогаш не смее ниту една влада, ниту актуелната Влада, ниту идните влади да се издигне некоја етничка група на штета на друга етничка група во Република Македонија.

Затоа мислам дека клучното настојување е во оваа насока, а сите знаеме дека ова е повеќе од вистина, господинот Никола Груевски и актуелната Влада настојуваат на вештачки начин да доведат до гласање на судскиот совет на Република Македонија и сите други реформи кои треба да се спроведат и применат во Република Македонија преку гласањето со Бадентер.

Но, ќе ви кажам уште нешто. Сите тие да знаат дека оштетувањето на Охридскиот рамковен договор, со кој албанците и другите етнички заедници имаат право на Бадентер, но никогаш не смее да се оштетат албанците во Република Македонија кога се говори за витални прашања

правни и политички на албанците во Република Македонија.

Ако така мисли оваа Влада  нека повели нека направи друг Рамковен договор, нека ги преуреди односите во оваа држава, политичките односи во оваа држава и нека го реши статусот на сите етнички заедници во Република Македонија. Но, никогаш ние нема да се согласиме да бидете убедени во тоа дека ние како парламентарна група и како албанци во Република Македонија нема да се согласием никогаш нашето опстојување и егзистенцијата во Република Македонија да се оштети така како што мисли оваа актуелна валст. Никогаш, ниту ние нема да се согалсиме да се оштетат и другите етнички заедници во Република Македонија.

Клучна должност и приоритетна должност на оваа Влада е да изнајде модел и начин за да се решат овие прашања и овие проблеми кои сами ги посеаа, но и нека самата си ги ожнее, а не да не остават нас меѓусебно да се занимаваме со нашите колеги пратеници и со другите граѓани на Република Македонија.

Како политичка опција за да се надмине оваа проблематика и за да имаме исти права сите граѓани на Република Македонија нека повели парламентарното мнозинство, нека повели и оваа актуелна гарнитура и нека предложи Република Македонија да биде една изборна единица. Да нема ниту еден изборен праг за етничките групи во Република Македонија. Нека повелат сите етнички заедници во Република Македонија нека излезат и да бидат застапени со свои пратеници во овој Парламент. Тогаш може да се надминат сите потешкотии и проблеми, но се разбира за да се заштитат интересите на етничките заедници на разни начини нека повелат да направиме и уставни измени. Парламентот на Република Македонија нека биде дводомен парламент, па едниот дом ќе се занимава со прашањето на заштитата на виталните интереси на етничките заедници во Република Македонија.

Инаку, овој закон господине претставник на Владата, овој изборен законик за мене лично и за сите тие кои мислат како мене е изборен законикантиалбански. Добро е сите наши сугестии и забелешки Владата и парламентарното мнозинство да ги имаат во предвид и да се исправи самата себе, да ја исправи својата политика и својата филозофија на политичко дејствување против албанците со тоа што сака на секој начин и облик да ја врати позицијата и правно политичкиот статус на албанците и да ги потцени албанците, како што се случувало до 2001 година.

Ќе ви кажам еден конкретен случај од минатото, или историјата. Инквизицијата на евреите почна од 13-от век во Шпанија и Португалија но заврши 1945 година, се разбира со јавувањето на нацизмот и фашизмот. Нацизмот од 30-тите години во Германија, а фашизмот во 20-тите години во Италија со Бенито Мусолини. Сите знаеме како завршија, Бенито Мосолини заврши со јаже околу вратот, а Адолф Хитлер заврши со убиство во бункер, додека антиалбанската политика на Слободан Милошевиќ се знае како заврши во почетокот на 21-от век.

Затоа ќе ви кажам добро е да се развива политика, една консензуална политика и да се надмине политиката која е анти секоај националност освен македонската. Благодарам за вниманието.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Бидејки има подолг список на пријавени пратеници за дискусија, кој е за реплика.

Ќе одиме по редоследот каако што сте на дисплејот. Нема да ве бришеме, меѓутоа ќе бидете повикувани за реплика како што е редоследот на дисплејот.

Би било добро да излезете на говорница колега Димовски за да не ве избришеме од списокот.

Три минути реплика за пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Веројатно дискусијата поврзана со изборниот законик ќе оди на широко и на долго, ќе се враќаме и на Шпанската игвизиција, веројатно ќе одиме и во вселената, јас имам такви очеквуања, веројатно нема да ме излажат, меѓутоа добро е да се поразговара за некои работи и да се разрешат некои дилеми.

Прво, мене ми е многу чуден впечатокот после дискусијата на господинот Сафет Незири поради тоа што формално Сафет Незири кажа дека не е против двете клучни работи уредени во изборниот законик, а тоа е правото на дијаспората односно на граѓаните на Република Македонија кои што се со живеалиште надвор од границите на Република Македонија да гласаат и правото на помалите етнички заедници.

Господинот Кенан Хасипи во сабајлешниот дел од седницата многу убаво го дефинираше во согласност со Уставот кои се формулациите кои што треба да ги употребуваме.

Беше кажано дека господинот Сафет Незири не е ниту против едното, ниту проитв другото, меѓутоа вашиот говор господине Сафет Незири беше исполнет целосно со негирање на двете работи предложени од страна на Владата. Јас ќе ви го прочитам членот 22 од Уставот на Република Македонија во кој што се вели: “секој граѓанин  со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право”.

Клучен збор во ставот 1 во членот 22 е зборот граѓанин. Значи нема друго диференцирање. Секој кој што има статус на граѓанин на Република Македонија треба да има можност да го остварува своето избирачко право.

До сега господиен Сафет Незири во Република Македонија ова беше неупотребливо, поради тоа што единствен збор кој што се употребуваше на местото граѓанин беше жител на Република Македонија, кој што е во истиот момент и

граѓанин. Значи, се даде дополнителна одредница. Ние мораме да ја вратиме примената на Уставот и секој граѓанин да му овозможиме да го оствари гласачкото право.

Спомнавте некои технички работи кои што веројатно ќе бидат проблематични, тоа е бројот на ДКП, можност да се гласа и т.н. Јас во мојот одговор малку подоцна ќе бидам попрецизен , а сега во согласност со времето ќе се обидам да ви објаснам сликовото.

Во Република Македонија има преку 100 избирачки места кои што имаат избирачи со максимален број на избирачи десетина до петнаесет луѓе. Се наоѓаат на многу зафрлени простори на Република Македонија и ако пресметате колку чини реализацијата на нивното право на глас, во просек зборувам, по еден глас, таму имате петчлена избирачка комисија, пет заменици и т.н., ќе видите дека гласањето во Република Македонија понекогаш е поскапо отколку гласањето во ДКП. Тоа ќе ви го објаснам со прецизни податоци.

И уште една работа, секогаш се стремиме кон подобро.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Колега Димовски. Не знам дали вие мене ме разбравте. Јас бев многу концизен и јасен со мојата дискусија и реков меѓу другото дека во дијаспората имаме жители на Република Македонија кои што нивниот државјански статус сеуште не е регулиран. Не е регулиран во Република Македонија каде што живеат 50 и 100 години од албанска етничка припадност. Да не зборуваме за оние кои се надвор од државата. Значи, сеуште не е регулирана таа проблематика. Додека не се регулира таа проблематика, не се решат овие рпоблеми државјанскиот статус на Република Македонија мислам дека сето тоа може да се злоупотреби.

Што се работи за етничките групи јас не сум против нив да ги имаат своите права. Јас го кажав тоа многу јасно и секогаш треба државата како институција да се залага до максимум за тие да ги добијат своите права. Никогаш и во никојслучај не смее некој да ги добива своите права на штета на друга поголема етничка група. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика на пратеникот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас внимателно го слушав господинот Сафет Незири кој што излезе во отворена заштита на СДСМ, СДСМ да продолжи да одржува политичка економија на турците, ромите, власите, бошњаците и т.н.

Господинот Сафет го спомна Милошевиќ, дали свесно или не свесно, ти придонесуваш за политиката на Милошевиќ. Придонесуваш за гафовите на Милошевиќ кои што од 90-тите години наваму ни ја изедоа душата со тоа што ни правеа филмови како Бит Пазар, Гостивар...

(Реакција на пратениците од место).

И многу други работи кои што ни го понудиле до сега. Сафет, дали знаеш кој е генерал мајор во Армијата на Република Македонија. Човекот кој што се борел за Милошевиќ. Тој човек е понуден и утврден од Бранко Црвенковски. Човекот за кој ти даваш глас. Да ти кажам право, за кого ти правиш политика и на чија воденица носиш вода.

Што се однесува за твоите тези ќе тикажам една формула. Македонија е држава на македонскиот народ и на албанскиот народ. Ова најдобро покажува со изборот од 120 пратеници кои што треба непосредно да се избираат од македонците и албанците, затоа што ние сме народи кои што сме дестабилизирачки и стабилизирачки во оваа држава, кои што се и конститутивни во оваа држава.

Од ова може да констатираме колку е антиалбански овој изборен законик, а оваа роба што сте ја изнеле тука сте ја изнеле за да го продолжи животот на Милошевиќ, на Бранко Црвенковски, а вие сте тие кои што го чувате квантумот на гласовите.

(И понатаму реакција на пратениците од опозицијата, а најмногу од господинот пратеник Есад Рахиќ).

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути процедурално за пратеникот господин Оливер Спасовски, повелте.

**Оливер Спасовски:** Господине потпретседателе, јас знам дека навистина имате можеби некој страв од пратениците од ДПА кога говорат за да можете да ги прекинете, меѓутоа дајте барем малку покажете доблест дека знаете да го штитите Парламентот, воопшто и парламентарците во овој законодавен дом.

Изреагирајте барем еднаш кога се напаѓаат оние во кои што редови бевте до вчера и вие.

Мислам дека таков начин на квалификации на опозицијата, на СДСМ во овој момент навистина вие како потпретседател требаше да изреагирате. Не смеете да допуштите понатаму вака да ја водите расправата во Собранието на Република Македонија заради тоа што пред се сте потпретсеател на Собранието, а не потпретседател на парламентарното мнозинство, како што замислувате. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Повелете три минути процедурално господине Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине потпретседателе на почетокот на оваа седница предложив да се одложи расправата се додека не добиеме мислење од Владата по однсо на овие прашања.

Право е на секој пратеник овде да изнесе свое мислење и воопшто во однос на тоа како го изнесува господинот Ружди Матоши, тоа си е

негово потполно право,но сметам дека вие требаше да реагирате за две работи.

За првата дел зборуваше господинот Спесевски Оливер, а за вториот, она што денес го кажа господинот Матоши,негово потполно право е кажа дека Македонија има два конститутивни наорди.

Од друга страна вели за рамноправна застапеност на етничките заедници, помалите етнички заедници, но тој два пати кажа баремспоред преводот дека Македонија има два конститутивни народи, тоа се македонскиот и албанскиот.

Ве молам, да го прекинувате секој оној кој што ќе кажува нешто што е спротивно на Уставот. Уставот тоа го има децидно одредено и молам, мене ме чуди што нема реакција на то , а инаку потполно право е на господинот Матоши како пратеник да си го изнесе своето мислење. Јас не можам да не реагирам, а најмалку вие да не реагирате, да не реагира парламентарното мнозинство, да не реагира претставникот на Владата.

Тоа е она прашање за кое што на почетокот на седницата зборував. Злоупотебувајки ги помалите етнички заедници ќе се оди во друг правец, што според мене е опасен. Благодарам.
**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Повелете три минути процедурално пратеник господин Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги, почитуван министер и останати претставници на извршната власт.

Почитуван драг пријателе Ружди Матоши, не ти чини реакцијата...

**Иван Анастасовски:** На мене, на мене се обраќајте,не на пратениците.

Есад Рахиќ: Јас сакам да кажам зошто се обраќамна него, еве преку вас.

Почитуван господине Ружди Матоши преку Иван Атанасовски, еве преку вас се обратив.

Ќе ве замолам во интерес на Република Македонија кога го спомувате господинот претседател Црвенковски или граѓанинот Црвенковски, како сакате лично право е како го споменувате, меѓутоа не го ставајте во контекс со човек што заврши во Хаг.

Една работа, тој сепак без разлика дали ви се бендисува, или не, на начинот на кој е избран сепак е претседтел на Република Македонија и денеска разговарав со претседателот на Владата на Република Македонија. Мене и вас не оценуваат дали сме функционална демократија. Ако на ваков начин ние самите си ги рушиме стандардите, сметам дека она за се што се залагаме и за се што зборуваме во овој Парламент не личи на нас. И, уште еднаш ќе ве замолам и вас потпретседателе и вас господине Ружди Матоши преку Иван Анастасовски, во делот на дискусиите во Парламентот да го задржиме дигнитетот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Повелете, три минути процедурално има пратеник господин Кондарко Борис.

**Борис Кондарко:** Почитуван потпретседателе и почитуван колега Матоши.

Не е прв пат, со вакви слободно ќе ги наречам испади, да се вреѓаме меѓу себе, да се спомнуваат институции, личности, политички партии и разни други невистини, навреди со омраза и со нетрпеливост. Мислам дека нема потреба од таков тон на дискусијата, затоа што на што ќе личи ако сите почнеме да се докажуваме во истиот стил кој кого повеќе може да омаловажи и да навреди. Затоа, во оваа ситуација, бидејќи процедурално се јавувам и до вас почитуван потпретседателе, вие како претседавач на седницата, бидејќи не го прекинавте, тоа е првиот ваш пропуст, не укажавте, сега сте должни да побарате јавно, не да одговарате на нашите процедурални забелешки до вас, туку вие вашата должност уставна да си ја извршите јавно и да побарате од пратеникот Матоши да се извини на Парламентот, на целата македонска јавност за однесувањето на институциите и личностите што ги спомна. Ако вие тоа не сакате да го направите за да не се замерите, тогаш еве јас во името на нашата пратеничка група го барам тоа од колегата.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега, вие побаравте да се извини господинот Матоши. Од сето ова што ме прозвавте мене, јас можам да ја прифатам вината во делот кога и она што го рече колегата Најдовски, рече дека Македонија е на два народи. Тоа е вистина, меѓутоа со преводот, ако добро беше сфатен. Јас тука можам да ја преземам вината за тоа што не го прекинав, не го предупредив господинот Матоши. За друго, тоа се ваши реакции, тука не сакам да спорам со вас. Ако чувствувам нешто за потребно, Матоши е, да не испадне дека јас не сакам да се замерам со Матоши, а и не гледам причина зошто треба во овој момент јас да се замерам со Матоши, ако чувствувам некоја потреба, господине Матоши повелете извинете се за ова што сте направиле одредена навреда на колегите пратеници. Еве, јас барам ако чувствува потреба господинот Матоши нека се извини. Не знам дали со тоа ќе се задоволат вашите суети. Во спротивно продолжуваме со расправа.

Колега Есад, ќе ве молам, полека, не се вознемирувајте.

Една минута контра реплика пратеник, господин Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседател.

Јас сакам да го сочувам интегритетот, мојот личен интегритет и кога говорам сум внимателен. Но, јас не сакам да се идентификувам со Ружди Матоши, кој според мое мислење со неговиот политички капацитет е извонредно плиток и нема капацитет да прави друг разговор. Кога го спомнав Милошевиќ не го идентификував со

Матоши, туку Ружди Матоши сега засега се идентификува со Слободан Милошевиќ, бидејќи работите ги врши како тој, Ваксинце, Пороj и други места. Но, исто така, и Изборниот законик Ружди Матоши го прифати во Владата како слуга на Владата. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Вељаноски Трајко, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Како и на вчерашната расправа пред оваа точка на дневен ред и сега ќе кажам дека овој закон е многу значаен и битен во однос на неговото носење. Битен е затоа што може да има други консеквенци во однос на политичкиот плурализам и демократијата во Република Македонија. Добро е што се отвора општа расправа по овој закон и може да се искажат сите ставови по однос на Предлог законот што е предложен овде до Собранието на Република Македонија.

Би сакал пред да почнам по однос на Изборниот законик кој што е предложен да направам еден осврт на носење на изборни закони во Република Македонија од 1990 година наваму.

Првиот беше донесен во 1990 година, тоа беше Закон за избор на пратеници одборници во Република Македонија, донесен пред самите избори.

Вториот беше донесен во 1996 година, тоа беше Законот за локални избори и тогашната власт на СДСМ дури ги продолжи мандатите на советниците од 1994 до 1996 година за две години, затоа што не беше донесен клучниот закон за локалните избори и начинот на избор на гра доначалниците.

Следниот закон беше Закон за избор на пратеници во 1998 година. После тоа беше во 1999 година донесен Закон за избор на претседател на Република Македонија. Следниот беше во 2002 година Закон за избор на пратеници. И, последниот во 2006 година Изборниот законик. Но, што е заедничко на сите овие изборни правила што се донесени. Заедничко се носеа еден месец пред изборите. Сите тие закони беа носени и изборните правила беа познати еден месец пред изборите. Поголем дел од овие закони беа носени на последната седница на тогашниот парламентарен состав. После носењето на тие закони се распишуваат избори. Се распишуваа избори и тогаш учесниците во изборите ги дознаваа правилата за учество во изборите. Прв пат оваа Влада го прекрши тоа правило. Една и пол година пред наредните избори ги носи измените и дополнувањата во овој закон, во кој што една и пол година ќе бидат познати изборните правила и сите учесници ќе знаат на кој начин и како да се подготват и како да настапуваат на следните избори. И, гледајте за чудо, од страна на опозицијата нападната е Владата зошто сега и текнало да носи вакви измени и дополнувања во Изборниот законик, туку требало како што испаѓа според нив, еден месец пред изборите тогаш да се носат одредени изборни правила.

Второ, кога ќе се гледа самиот Изборен законик измените кои што се вметнати во Предлогот за измени и дополнувања на овој Изборен законик, можат да се видат три области кои што самите измени ги опфаќаат.

Првата е гласањето на дијаспората.

Втората е што одредени измени имаат консеквенции во однос на органот кој што го води избирачкиот список. По мене тоа никој не го спомна, но многу е битно.

Трето, загарантираните места за помалите етнички заедници.

Во однос на овие три области кои што се предложени во овој закон, ќе направам еден осврт.

Првиот во однос на гласањето на дијаспората. Само претходно сакам да кажам дека политичката партија ВМРО-ДПМНЕ не им текна сега дека треба да гласаат иселениците. Тоа го направи уште во 2005 година кога достави во овој парламентарен дом Предлог за измена и дополнување на Законот за избор на пратеници и Законот за избор на претседател. Тогашното владеачко мнозинство ги одби тие изборни закони, не ги прифати. Ние секогаш како политичка партија сме се залагале дека треба да им се овозможи на граѓаните кои се со привремена работа и престој во странство, да им се овозможи да гласаат. Гледајќи и согласно член 22 од Уставот на Република Македонија кој што кажува “Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право”. Ова право според Уставот е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори и со тајно гласање, без оглед на местото на престој и живеење. Сакам да укажам дека во Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници од 1990 година во својот член 46 предвидуваше можност за граѓаните на привремена работа и престој во странство да гласаат на избирачките места, во последното живеалиште на територија на Република Македонија или во дипломатско конзуларните претставништва на бившата СФРЈ во странство. Значи, еднаш било регулирано тоа, само тоа во пракса никогаш не било спроведено. Значи, ние сме имале такви законски одредби, па не знам зошто денес смета некој дека ова е некој изум.

Второ, во Законот за локални избори во 1996 година имаше одредби во кои што беше регулирано начинот за избор на граѓаните кои се наоѓаат во странство. Никогаш не беше спроведено со едно образложение дека немало технички можности да се оствари тоа. Но, сметам дека секоја власт, доколку покаже одредена грижа за граѓаните кои се на привремена работа и престој во странство, не треба да претставува средствата, паричниот износ кој што треба да го потроши за да може да им овозможи да гласаат.

Таков изговор не треба да бараме, затоа што треба да знаеме голем дел од тие вложуваат во Република Македонија и некогаш и ги повикуваме да вложуваат, да инвестираат во својата држава. А, основното уставно право, ние овде како Република Македонија треба да им го овозможиме, за да имаме морално право да ги повикаме во Република Македонија да инвестираат..

Би направил една компарација дека овој изум не е само во Република Македонија. Претходно многу европски демократски држави го остваруваат. Господа пратеници, ќе отворите весници и ќе погледате дека многу од другите држави ги повикуваат своите државјани кои се наоѓаат во Република Македонија да се пријават во своите амбасади. На тој начин ги повикува да го остварат своето избирачко право. Тие се грижат за своите граѓани. Една Франција која што кажува граѓаните може да учествуваат лично или преку полномошно на локалните, парламентарните и претседателски избори, со тоа што на локалните може да се гласа само во Франција, додека за парламентарните и претседателските во амбасадите и конзулатите. Франција се грижи за своите граѓани. Швајцарија од 1992 година Швајцарците во странство имаат право да учествуваат во швајцарскиот политички живот и тоа на гласањето на сојузните кандидати, како и национално советничките избори. Велика Британија исто, Германија каде што во член 116 став 1 од Уставот на Германија кажува дека германските државјани кои живеат надвор од Сојузна Република Германија и не се пријавени како жители на територијата на Сојузна Република Германија, можат да учествуваат во изборите за Германскиот Бундестаг. Тоа се поважните по мене битни европски држави со развиена демократија, како што е исто во Австрија и каде што тие својата грижа за своите граѓани ја искажуваат. Додека исто така ви е познато е со соседните држави, Хрватска, Србија, Бугарија и други се грижат за своите граѓани и овозможуваат нивните граѓани во дипломатско конзуларните претставништва да го остварат своето право на глас и да придонесат за политичкиот живот во таа држава. Тогаш, ние ќе имаме морално право да ги повикаме да инвестираат во Република Македонија. Сакам да кажам дека ние како ВМРО-ДПМНЕ претходно кажавме поднесовме бидејќи бевме во опозиција, Предлог за измена на закон за избор на пратеници и за избор на претседател, затоа што ние навистина го мислевме тоа и навистина го побаравме да се изврши таа измена и да им се овозможи, не откако сега завршија изборите, туку и тогаш бевме искрени во нашето настојување да им се овозможи да се гласа. Тогаш бевме нападнати дека правиме предизборно кокетирање со нашите државјани кои се наоѓаат во странство. Но, во самата изборна програма ние како партија укажавме дека кога ќе дојдеме на власт ќе ги измениме изборните закони со кои ќе им се овозможи на нашите државјани кои се наоѓаат во странство да го остварат своето право на глас. Со ова ние сакаме да го исполниме и своето изборно ветување, но не само изборното ветување, туку навистина мислиме дека треба да им се овозможи да гласаат. Ние во разговорите со опозиционите партнери, даваме и свои предлози како и на кој начин да се гласа. Од страна на СДСМ беа жестоки во начинот на нашиот предлог за гласањето на иселениците. Нивниот ултиматум беше, доколку сакаме да го добиеме нивниот глас за измените во Изборниот законик, да се овозможи само за по еден претставник од трите континенти, Европа, Америка, Австралија. Додека нашиот предлог беше да можат да бидат односно тие граѓани да гласаат за сите шест изборни единици, како што се сега. Откако увидовме дека не е добро за одредени работи кои што сметаме дека се добранамерни не профитабилни од политичка страна, туку добронамерни, сакавме да се внесе тоа и затоа се согласивме она барање што го имаа од страна на СДСМ, да има тројца од три континенти кои што ќе бидат избирани согласно овие измени што во Изборниот законик. Нема опозицијата СДСМ да кажува дека не биле консултирани. Не само што се консултирани, туку прифатено е нивното барање, сосема различно од претходно кога ќе кажам за загарантираните места. Значи, за ова и се консултирани и прифатено е нивното барање.

Во однос на второто, овде е многу битно, тоа би го насочил и кон страна на Владата во однос на Избирачкиот список. Гледаме дека од страна на Владата се предлага да се изврши измена во член 41, во кој што се предвидува “Орган надлежен за водење на избирачкиот список, наместо Министерство за правда, да биде Државна Изборна Комисија”. Јас како идеја, тоа го поддржувам. Дури има и примери за кои ќе ви укажам, во Унгарија каде што има посебно тело, посебна институција, не државната, туку посебна комисија, не го знам точно називот, што се грижи 4 години да го ажурира Избирачкиот список. Затоа, таму имаме избори во кои што никој нема забелешки во однос на Избирачкиот список. Ние самите можеме да се гледаме во очи и да си кажеме дека која политичка партија кога ќе дојде дали на власт или во опозиција, првото што ќе го каже пред изборите, конкретно и ВМРО-ДПМНЕ еве сакам да укажам, цело време укажуваме дека Избирачкиот список не е соодветен на статистичките показатели што ги имаме. Затоа што, еве јас конкретно ќе укажам со конкретни факти, со конкретни бројки, ние како политичка партија ВМРО-ДПМНЕ укажуваме една година пред парламентарните избори дека треба да се формира комисија, каде што ќе има претставници од државните институции, претставници од политичките партии на власт и опозиција и да се прочисти Избирачкиот список. Не прочистен Избирачки список создава можност на злоупотреби на некој што сака да изврши злоупотреби. Прочистениот Избирачки список не овозможува на оној што сака да изврши одредени

злоупотреби. Конкретните факти и тогаш беа кажани и сега ќе ги кажам.

Во Република Македонија според последните статистички показатели има 2.022.547 жители, од кои ако се земе и структурата до 18 години има грубо кажано 558.613 жители. Од тоа произлегува дека полнолетни од тие што се запишани според статистичките показатели, според пописот кој што официјално е објавен и секој има достап до него. Полнолетни се близу 1,5 милиони. Значи 1,5 милиони се полнолетни лица и согласно Уставот тие имаат право да го остварат своето право на глас и тие треба да бидат впишани во Избирачкиот список. Како што ни е познато 1.720.000 жители се запишани во избирачкиот список. Постои една голема разлика, кога ќе се гледаат овие показатели и секогаш таа разлика создава одредена резерва во однос на Избирачкиот список во сите политички партии, дури и од оние политички партии кои се на власт, кои во моментот сметаат дека добро е затоа што се на власт да постои таков избирачки список, но јас сметам дека не е добро.

Би се навратил малку на бројот. Да се потсетиме на 1994 година кога се вршеше избор на претседател на Република Македонија и избор на пратеници во Избирачкиот список кој што беше доставен до ДИК и доставен до надлежните изборни органи вкупно беа запишани 1.220.000 жители. Знаеме дека тогаш беа во последен момент допишувани, го знаеме начинот на избор како беше, уште 200 илјади и од тогаш се провлекува таа бројка од 200 илјади кои до ден денес уште стојат во Избирачкиот список. Ние треба да создадеме една законска можност, да овозможиме на еден орган да изврши детален увид на сите запишани избирачи во Избирачкиот список и да се даде можност да се бришат оние кои од икс причини не треба да стојат во избирачкиот список.

Исто така, во однос на Избирачкиот список би укажал на следново. Според статистиката, пописот извршен во 1994 година, околу 160 илјади наши државјани на Република Македонија се попишани дека живеат, работат и престојуваат во странство. 160 илјади, а знаеме и на претходните избори кои беа во 2006 година и сега кога ќе гледате во одредени институции кои се надлежни, постои бројка во која надлежната институција за регистрирање на нашите државјани во странство се околу 50 до 60 илјади и тогаш укажуваме дека треба да се изврши комплетно ревидирање во однос на државјаните кои постојат, живеат и престојуваат во странство, за да може да се даде и долови целосна слика за секој што сака да го оствари своето право на глас. Овие факти треба да се земат предвид и треба да се разгледаат во втората фаза, да се најде законско решение. Гледам во преодните и завршните одредби стои дека ДИК односно Министерството за правда ќе го предаде водењето на Избирачкиот список на ДИК откако ќе се создадат услови. Ние имаме едно такво решение четири години, тоа остана во Министерството за правда. Имаме решенија во кои тогашната Влада на секоја година или на две години донесуваше закон за измена и дополнување само во еден член каде кажуваше не од септември 2004 туку од септември 2005 година, па кога ќе дојдеше септември 2005 година тогаш септември 2006 година.

Јас сметам дека тоа треба да биде обврска на Владата не одкако ќе се создадат услови туку точно да се знае датумот кога ДИК ќе го преземе водењето на Избирачкиот список и да не дојде во ситуација да се извршат овде измени како што правеше претходната Влада, туку точно на тој датум кога ќе биде одреден, ДИК да го преземе водењето на Избирачкиот список. Велат за тоа ќе бидат потребни средства. Па има во Република Македонија средства, треба да се овозможи на ДИК со полн капацитет да може да го оствари своето право. Средства колку се потребни толку треба да се одвојат од Буџетот на Република Македонија за да може да ја врши својата функција. Колеги, гледате дека ДИК е професионализирана и сега верувам два месеци пред избори, два месеци после избори во полн ек работи ДИК. Но во овој момент до следните наредни избори има многу малку работа. Затоа, кога ќе го преземе водењето на Избирачкиот список ДИК ќе има и време и можности да изврши ажурирање на Избирачкиот список.

Во однос на третото укажување и област која е регулирана во законот, загарантираните места, само едно сакам да кажам во однос на запознавањето на опозицијата. Овде е разликата од претходното гласање на дијаспората, каде што кажав дека опозицијата беше запозната и беше прифатено нивното барање, но во конкретниот случај за загарантираните места за помалите етнички заедници опозицијата од страна на власта беше запознаена, запознаена во однос на барањата од помалите етнички заедници. Во однос на тоа Владата рече дека ќе размисли, ќе го разгледа начинот на регулирање на овие барања од страна на помалите етнички заедници. Врз основа на тоа во Уставот во првиот момент кога беше искажано од страна на пртениците од помалите етнички заедници, од страна на опозиционите партнери СДСМ и ДУИ беше на нож прифатена таа идеја. Жално е што од страна на СДСМ се задскриваат преку партијата ДУИ и покрај тоа што се и тие жестоки противници на загарантираните места.

Сакам да укажам што е значајно во однос на загарантираните места. Во 2002 година, во 2001 година во Министерството за правда беше ангажирана ИФЕС, организација која што се грижеше за изборниот ситем. Имаше свое разгледување и свои гледања во однос на креирањето кое на писмено беше доставено, креирањето на изборен систем подготвен од ИФЕС на 12 април 2001 година. Тоа се основни принципи и нивното видување како и на кој начин и кој изборен систем да се избере во Република Македонија. Знаете дека во 2002 година се изврши промена на изборниот систем, претходно

во 1999 година постоеше комбиниран систем, 35 на пропорционална, 85 пратеници на мнозинска листа и врз основа на тоа имаше барање да се изврши измена на изборниот систем, од политичките партии кои се залагаа за професионалниот систем беше побарано од Министерството за правда од страна на ИФЕС да изготви свои видувања. Би прочитал некои нивни видувања кои се на писмено доставени до Министерството за правда, во кои во посебна глава кажува: “Посебни права за застапеноста на етничките малцинства. Изборот на одреден изборен систем може да помогне при застапеноста на етничките малцинства. Изборните системи кои можат да помогнат при застапеноста на етничките малцинства вклучуваат изборни системи на пропорционална застапеност или повеќе пропорционална застапеност на повеќе членови кои ја користат големината на областите кои се доволно големи за да го намалат ефективниот праг за учество при доделување на мандати. Еден изборен систем може исто така да има посебни одредби кои даваат единствен третман на етничките малцинства со цел да обезбеди нивна застапеност во Парламентот”. Користењето на резервни места е една од оние посебни одредби. Самите тие уште во тој момент кажуваат дека користењето на резервираните места кај оние посебни одредби во кои се овозможува на помалите етнички заедници да бидат застапени во Парламентот. Таква одредба било да е уставна или статутарна гарантира фиксен минимален број на места во Парламентот за одредено етничко малцинство. Претставниците на овие резервирани места главно се избираат на ист начин како и другите членови на Парламентот, но некогаш се избираат само од членовите на одредено етничко малцинство за кое се резервирани местата. Тоа е нивното видување.

Исто така, од страна на господинот Џеси Билдри, консултант, на 2 март 2001 година е дадено писмено видување во однос на изборните системи: малцинската застапеност и одговорност на кандидатот на Република Македонија, па укажува дека овој документ има за цел да направи кус осврт на тоа како одреден изборен систем може да влијае на малцинската застапеност во националниот парламент. Вели ова прашање е релевантно во Македонија, бидејќи таму постојат неколку етнички малцинства државјани на Република Македонија.

Изборниот систем ги претвора гласовите во мандати. Со мнозинскиот систем гласовите се пресметуваат поинаку отколку со пропорционалниот систем на претставување. Земјите со изборни системи кои ја олеснуваат малцинската застапеност - многу е битно ова - земјите со изборни системи кои ја олеснуваат малцинската застапеност во Парламентот подобро се справуваат со конфликти и ги разрешуваат споровите во врска со прашањата околу малцинствата. Овој принцип посебно се применува во земјите каде постојат неколку етнички малцински заедници. Тоа беше искажано од нивна страна и исто така потенцирано, во географското ширење на популацијата на етничките малцинства е важен фактор во дизајнирање на компонентите на изборниот систем кои ја олеснуваат малцинската застапеност. Онаму каде што малцинствата не се географски концентрирани, малцинската застапеност може да биде подобро решена со пропорционален систем на застапеност. Системот на привелегирано гласање како што е на пример системот на алтернативно гласање може да ја олесни малцинската застапеност. Со алтернативното гласање гласачите ги рангираат кандидатите по редоследот на преферирање. Професионалниот систем на претставување каде не постои арбитражен законски праг, а единствениот праг е математичкиот го олеснува претставувањето на алцинствата во Парламентот. Како што е наведено погоре, изборните единици каде се избира еден член, тоа е мнозински изборен систем, можат да ја олеснат малцинската застапеност онаму каде малцинствата се географски концентрирани.

Сите овие параметри и укажувања, се укажува од страна на експерти кои се ангажирани во Република Македонија и овие документи постојат во Министерството за правда, дека е многу битно да се овозможат загарантирани или резервирани места како што тие ги викаат на помалите етнички заедници. Би укажал на следново.

Од страна на некои пратеници, може да се каже претходно одредени пратеници пред да дојдат во Парламентот свое видување кажуваат дека на овој начин има две работи. Првата работа е што едните, тоа го прават тактичко опозиционите партии, СДСМ вели дека со овие вакви измени и загарантирани места, ние, како Влада сакала да се изиграат пратениците од помалите етнички заедници за да се избере Судскиот совет. А другите од ДУИ викаат дека на тој начин се руши Бадинтеровиот принцип и сега тие се во корелација како да се направа ова добро според мене решение за загарантираните, односно некои ги викаат резервираните места за помалите етнички заедници.

Би сакал да укажам дека со загарантираните мандати за малите етнички заедници кои се предлагаат со измените на изборните закони не доаѓа до нарушување на Бадинтеровиот принцип, ниту со истите се загрозуваат мандатите на албанската заедница во Република Македонија. Со овие мандати, токму е спротивно на тоа, Бадинтеровиот принцип добива на значење и на респектибилност бидејќи со предвидените изборни новини бројот на пратеници на немнозинските заедници се зголеми со што се зголеми авторитетот и политичката тежина на таа група пратеници. Со овие мандати кои всушност претставуваат дополнување на вообичаениот број мандати кои тие ги поседуваат, се надминува изолираноста на помалите етнички немнозински заедници, со што се зголемува

можноста тие да бидат адекватно претставени во централната институција на демократијата. Парламентот и на тој начин суштински да работи во прилог на интересите на тие заедници и ова претставува доградување и развивање на демократијата по таа линија. Само малку да се потсетиме, во моментот има седум пратеници на помалите етнички заедници, а во претходниот парламентарен состав имаше девет, а сега се гарантира 10. Зарем е проблем едно пратеничко место за помалите етнички заедници. Овие мандати кои ќе доведат до ревитализирање на политизацијата и монополизацијата на Бадинтеровиот принцип од страна на најголемата немнозинска заедница, албанската, со што ќе дојде до попуштање на заложништвото на Парламентот и на целото општество, предизвикано од форсирањето на биполарно политизирана тензија која се наметнува над сите други заедници кои постојано ги држи институциите на државата, Парламентот и Владата на ниво на ниска ефикасност. Релавитизирањето на форсираната политичка биполарност ќе го обедини блокот на немнозински заедници, блокот на пратеници на тие заедници и ќе го постави на релација со пратеници на мнозинската заедница и тогаш кога треба да се бори против монополот на интересите на таа заедница и против засегнувањето на интересите на немнозинските заедници. На тој начин Бадинтеровиот принцип ќе стане инструмент во релацијата меѓу мнозинската и немнозинската заедница во нивниот парламентарен израз, а не инструмент на исполитизирани албанско македонски односи, ниту пак инструмент за партиско инструментализирање на односите меѓу владината и парламентарната позиција и опозиција, за што всушност Бадинтеровиот принцип не е ниту предвиден.

Во прилог на ваквите тврдења ќе презентирам една илустрација. На пример, пратеникот Рафис Алити како револт на измените на Изборниот закон побара воведување на дводомност на Парламентот. Тоа всушност е само показател на кој начин албанските пратеници, посебно тие од опозицијата, го разбираат Бадинтеровиот принцип и во каков инструмент сакаат да го исползуваат тој принцип. Имено, тие овој принцип сакаат да го користат како замена за втор дом и тоа како дом во кој би доминирале исклучиво Албанците и тоа не во прв ред за заштита на албанските интереси, бидејќи тие се посебно заштитени со уставните норми произлезени од Охридскиот договор и со дефинираниот Бадинтеров принцип како средство за нивна заштита, туку да се користи како облик за борба за власт преку неговото некоректно користење за постојано уценување на Владата и блокирањето на реформите. На тој начин Бадинтеровиот принцип се претвора во средство, во борба за власт, а не како принцип за што всушност е наменет.

Доколку се погледне кои закони ги блокираат ДУИ, но и СДСМ, ќе се види дека тие се поврзани со правосудниот систем, а не со комплексот на културните прашања. Значи во прашање - од тука може да се изведе - во прашање е борба за власт, а не за заштита на интересите на Албанците.

Со предвидените мандати на малите заедници...

(Реакции од пратеници).

Можете да ги смирите?

**Иван Анастасовски:** Ве молам колеги. Продолжете господине Вељановски.

**Трајко Вељаноски:** Со предвидените мандати над малите заедници. ДУИ стравува од можното обезбедување на двотретинско мнозинство за споменатите закони, што подразбира дека ДУИ и СДСМ сакаат да го блокиаат процесот на реформите, правејќи го како безпринципиелна и беспоштедна борба за власт, независно од општата штета која притоа ќе настане. Сето тоа нема никаква конекција со Бадинтеровиот принцип, претставува некаква измислена релавитицазија или негација на Охридскиот договор.

Исто така во однос на загарантиранте места сакам да искажам дека господинот Кенан Хасипи и господинот Иван Стоилковиќ не се во Уставот. Ова барање не им е прв пат, не им е сега измислено, не им е за Судскиот совет. Тие ова барање, како пратеници во поранешната власт го имаат испорачано и на претходнот премиер Бучковски и тогаш се залагаа за загарантирани места и тогаш тие бараа но не најдоа разбирање од страна на тогашната власт. Нивно морално право е да продолжат со своето барање за обезбедување на загарантираните места кои ги барале, без оглед дали се пратеници во власт или пратеници во опозиција. Нивното барање било да се овозможи од нивната етничка заедница да бидат избрани и да ја претставуваат таа етничка заедница во овој Парламент. Многу е лошо што цело време од страна на опозицијата буквално се вреѓаат затоа што цело време нивната борба за застапеност во Парламентот, за загарантирани места ги подведуваат во борба на купи-продај. На тоа имаше одговор господинот Кенан Хасипи кој им кажа дека никој не треба да ги подведува и дека не се тие предмет на продажба и не треба така да се гледа. Значи, кога некој е против, од свој принцип, од свои интереси, некој само ги навредува и ги става во позиција купи-продај. Можеби некои така го замислуваат овој цел политички систем на функционирање во Република Македонија. Не сакам да бидам нивни адвокат. Јас само кажувам дека нивното барање било за загарантирани места, не сега туку и кога биле пратеници во власта, кога господа, биле со вас, од вас бараа подршка, а вие не им го овозможивте тоа и сега нормално дека бараат од секого кој има разбирање за нивното барање. Ако нивното барање кое вие не сте го исполниле, а има разбирање од друга политичка партија,

зошто вие да го подведувате да купи-продај, затоа што вие, веројатно, немате умешност во однос на далекувидоста и значењето на ова решение.

Господо од ДУИ, вие испаднавте поербап од овие од СДСМ. Едно време имавте поголем рејтинг, но сега сте исто така рекордери и во бројот на поднесување на амандмани. СДСМ два пати поднесуваше, еднаш 2800 еднаш 2000 амандмани, но вие и тој рекорд со кои можеа да се пофалат кон некого, а не е за фалење и тој рекорд ќе го превземете. Не се брани нешто со амандмани и со блокирање, се брани со аргументи и со заложба на доброто за сите.

Претходно беше кажано дека од страна на СДСМ во 2006 година имало транспарентност во изготвувањето на Изборниот закон. И пред тоа кажав, од страна на СДСМ имаше визуелно гледање дека има транспарентност, а инаку имаше, поготово за Изборниот законик, со полна одговорност ќе кажам, коалиција СДСМ-ВМРО Народна, за носењето на Изборниот законик и за составот на ДИК. Тогаш, знае пратеничката Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, ветувањето кое експремиерот јавно пред сите го даде дека во работата група ќе има претставник од ВМРО-ДПМНЕ, од ваша страна беше изиграно, дури на една средба од него буквално бевте изирграни зошто не е земено предвид барањето од ВМРО-ДПМНЕ и неговото ветување за учество во работата група. Господа, вие тогаш се правевте експерти и кажувавте дека оваа работна група е составена од експерти, а не од политички претставници. Таму беше Цветанка Иванова но не како претставник на СДСМ туку како експерт. Блаже Стојановски беше не како претставник од ВМРО Народна,  беше претставник како експерт. Секогаш кога сакате нешто матно да изиграте се задскривате зад зборот експерт. Господа, не е фер и не е коректно да ја замајувате јавноста. Покоректно е да го кажете начинот како вие тоа сте го работеле, затоа што ние, има во архивата во Министерството за правда голем број дописи од ВМРО-ДПМНЕ за учество од страна на политичката партија на ВМРО-ДПМНЕ во работната група при изготвување на Изборниот закон. Многу писма беа доставени до амбасадите каде се укажа на некоректноста од страна на тогашната власт. Инаку, како пример, вие односно екс премиерот Бучковски организираше сликање пред медиумите, организираше, демек ја сослушувал опозицијата, кои се нивните барања, а тајно правеа коалиција со ВМРО Народна, за изготвување на изборниот законик и сите решенија кои овде се воведени по однос на Изборниот законик се по мерка на СДСМ и тогашна ВМРО Народна, освен едно, што беше под страшен притисок од страна на меѓународните организации и амбасадите. Првото кое беше прифатено до СДСМ, тоа беше за предлогот за претседателот на ДИК да биде од страна на позицијата и второто кое беше барање од страна на ВМРО-ДПМНЕ, а не беше прифатено од почеток од власта, беше за учество, барем по еден член во избирачките одбори, од политичките партии. Но, тогаш замислата ви беше изборните комисии и сите изборни органи, како што ги направивте со ВМРО Народна, да продолжите до тоа најниско ниво. Тогаш дури вие одевте во толкување дека политичка партија во опозиција, што има право да предлага, не е онаа што на последните избори, како што таа одредба постоела стално од првите закони, кои на последните избори за пратеници освоиле најголем број на гласови, туку вие одевте од толкување дека онаа политичка партија која има најголем број пратеници во Парламентот, а таа политичка партија за жал, никогаш и не учествуваше во избори тогаш за да може да има пратеници. Знаеме на кој начин и како пријдоа во таа партија.

И на крај би сакал да кажам, сите овие, господине министре, забелешки кои се искажани на работните тела, забелешките кои на пленарната седница се искажани, би требало да се земат предвид во однос на изготвување на предлог законот, да се дојде во Парламентот, но исто така, одредени забелешки кои има од страна на ОДИХР, да бидат земени предвид и не е лошо да биде кажано кои се тие забелешки од нивна страна затоа што некој некогаш сака да манипулира и на тој начин да укажува, како што се кажува со Венецијанската комисија, дека не биле консултирани релевантните институции.

И сега ќе кажам, а и претходно кажав, вие комуниciравте со Венецијанската комисија, праќавте еден текст за да ви даде мислење и тоа нивно мислење го презентиравте пред медиумите и Собранието , а во Собранието испраќавте сосема различен текст од оние кои ги имате доставено до Венецијанската комисија.

Би укажал, она што е добро, што е започнат овој процес на измена на овој закон, што и на почетокот го кажав, затоа на правив еден краток осврт. Има 7-8 законски проекти од 1990 година до сега, донесено, но сите биле носени месец дена пред изборите и биле носени на последна седница на Собрание и утредента претседателот на Собранието ги распишувал изборите.

Јас би ве замолил што побрзо да дојде втората фаза на законот и добро е еднаш да има најмалку година дена пред првите избори, а да се знаат изборните правила. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи има многу пријавени за реплика,а и списокот на пријавени говорници е долг, да запишеме кои пратеници се јавиле за реплика, за да на не направиме грешка. Девет пратеници се јавија за реплика. Во тој случај ќе одиме по редоследот како што е на дисплејот.

Прв за реплика се јави господинот Џеват Адеми, повелете господине Адеми имате три минути.

**Џеват Адеми:** Колегата Вељаноски ни стана ем духовит ем видовид. Не само што знае кој што се направил, туку знае кој каква намера имал.

Колега Вељаноски, ако мислите дека логиката што ја водите во Владата со албанскиот партнер, да не ги прашате, да не ги слушате, да не ги фермат, со нас нема да ви оди. Со ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ никогаш не седнала да разговара како ќе изгледаат измените и дополнувањата на изборниот законик. Ако еднаш попуштивме со Законот за полиција, јавно ќе кажам во име на целата група, тоа веќе нема да се случи. Проекти кои се директно насочени против интересите на Албанците, против политичката тежина на Алабанците, во овој состав, во ова Собрание нема да помине. Овие амандмани се цената на вашата глупост, цената која Македонија ја плаќа, а тезата што се обидовте  да ја примените, помеѓу албанските политички партии, филозофијата, тогаш не ви помина, нема да ви помине ни сега, да ги завадите помалите политички заедници со Албанците. Ќе ви наведам само еден пример, никој никогаш и никаде, од претставниците на ДУИ, ниту една реченица не кажа дека е против загарантирните места на помалите етнички заедници, а во пракса тоа го докажуваме.

Во Гостивар, со одлука на Советот, турскиот јазик иако Турците не се над 20%, со одлука,како знак на добра волја, како позитивна примена на мулитетничкото живеење турскиот е службен јазик. Така што ќе имате и можност и шанса да ги слушнете нашите аргуметни, нашата концепција и нашиот приод кон оваа непотребна тема, кон овој скап луксус со кој се зафативте, а кој скапо ќе не чини. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Господине Адеми јас не видов вие да изнесете некои факти. Фактите се состоеа во закани.

Јас разговарав со принципи и аргументи и искажав мое видување врз основа на факти, принципи и аругменти, зошто е добро да се загарантирани местата за помалите етнички места, а не со закани. Вие тоа го направивте сега. Ни факти, ни принципи, ни аргументи, туку закани. Мислам дека на тој начин вие не правите добро, а дали сте против или не за загарантираните места, покажуваат 4000 поднесени амандмани со кои го соборивте рекордот што го држеше СДСМ.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Според редоследот на пријавените и на дисплејот, три минути реплика за пратеник Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Колега Вељаноски, цело време ве гледав тука, раката во џеб, ноншалантно со раката во џеб го браневте законот и направивте осврт за 1994 година, 1996 година, како се носеле изборните закони. Зошто не проговоривте за 2006 година кога вие како опозиција со ултиматуми, со закани, со уцени, се или ништо, баравте претседател на ДИК, добивте. Обвинивте уште на непочнати преговори, демократски преговори, како што е ред, за наводен, однапред, државен фалсификат. Како се однесувавте тогаш. Да ви кажам, вие кога сте во опозиција паметот ви е само да правите неправилности и мучки на изборите, а камо ли кога сте на власт. Тешко си на таа власт и Влада што со такви манипулации сакаа да создаде услови за изборен фалсификат и така да остане на власт. Така ги менуваше законите Слободан Милошевиќ и зад наводната грижа за дијаспората, вие како големи пратриоти сакате да ги искористите за да го направите тој фалсификат затоа што немате евиденција, нематге никаква заштита на постапката на избиачкото место. Дали ќе го гарантирате принципот еден човек, еден глас. И, исто така како што наводно се грижите вие патриотите за дијаспората, така и за етничките заедници, па нив сакате да ги искористите за пазар за Судскиот совет. Меѓутоа, од сите овие работи, етничките заедници и дијаспората, најмногу се грижите за себе. Тоа е вистината. Немојте, со остварувањето, наводно, на едно уставно право за гласање на дијаспората, да направите да се прекрши друго уставно право односно да го прекршите Уставот и да направите државен фалсификат на изборите. За претседателските избори сакате директно да оневозможите да се избере претседател на Република Македонија, затоа што многу добро знаете дека со тие фантомски списоци што ќе ги фалсификувате за гласањето на дијаспората нема да има цензус. Тоа е вашата задна намера исто како и за Судскиот совет, исто како за етничките заедници.

Организирате, не ви е срам, прв пат во историјата  штрајкови пред опозициони политички партии. Крива ви е опозицијата до 7% рејтинг. Како не ви е срам, никогаш во  историјата на Македонија не се штрајкувало против опозиција. На избори се оди за да се биде на власт, а не да се биде опозиција. На крајот на криаштата паѓаат глави, а не паѓаат опозиции.

**Иван Анастасовски:** Три минути процедурално господинот  Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Господине потпретседател јас еднаш предупредив од оваа говорница, колегите од СДСМ, да не користат термини пазарење, да не користат термини купување, меѓутоа, тие продолжуваат со иста реторика. Сакам да го потсетам младиот колега Кондарко дека ако нешто добивме од коалицијата  “ За Македонија заедно”, научивме да правиме политика. Според тоа ,не сме деца, не сме наивни.

**Иван Анастасовски:** Према мене обраќајте се.

**Кенан Хасипи:** Не сме деца и не сме наивни ние континуирано истакнуваме политички барања. Во овој момент, кога во оваа држава се обидоа некои да скренат внимание на потребите на малцинските заедници, почна оваа циркузијада овде. Од овој момент јас ги убедувам сите оние кои што опонираат на ова барање и текако ќе треба добро да се испотат, да добијат барем

еден турски, еден ромски, еден влашки и еден српски глас. Нека бидат убедени. Нека прекинат со оваа циркузијада. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути процедурално пратеник господин Стоиљковиќ, повелете.

**Иван Стоиљковиќ:** Господине потпретседателе, јас реагирав и на почетокот на седницата и повторно сега на изјавите на господинот Кондарко. Значи, ве повикувам да не заштитите повторно, ние овде не сме стока, ние сме пратеници во Собранието на Република Македонија и ние не одиме на пазар, кога доаЃаме овде на работа во Собранието на Република Македонија,ние не продаваме крушки и јаболки, туку се занимаваме со политика.

Затоа, господинот Кондарко нека внимава следниот пат. Ако тој не внимава, господине потпретседателе вие сте должни да му свртите внимание наредниот пат ако било што зборува. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ова го прифаќам како забелешка.

Повелете три минути процедурално пратеник господин Борис Кондарко. Да видиме колега сега во што е процедурата.

**Борис Кондарко:** Легитимно да се води процедурална расправа, во однос на она што претходните двајца пратеници исто така се повикаа на мојот говор процедурално. Јас три минути исто така ќе одговорам.

**Иван Анастасовски:** Можам да ве прекинам ако не се држите до договорот.

**Борис Кондарко:** Почитувани колеги Хасипи и Стоиљковиќ.

**Иван Анастасовски:** До мене обраќајте се.

**Борис Кондарко:** Почитуван потпретседателе што се еоднесува до забелешките од почитуваните колеги Хасипи и Стоиљковиќ, воопшто не знам зошто така ги сватиле, бидејки нема од што да ми биде незгодно, затоа што овде ние говориме легитимно со политички речник и водиме политичка дебата со предлагачите на законот, со Владата.

Моето прашање и дилема и зачуденост е од нивната реакција почитуван потпретседателе. Зашто токму тие двајца пратеници се два мандата, токму на листите на СДСМ. Затоа влегоа во Парламентот. И нема никаков основ за таквите обвинувања потпретседателе кон СДСМ и кон мене, дека наводно ние водиме некоја дискриминаторска политика со малцинствата.

И на крајот, дали пратениците што реагираа процедурално ќе се согласат ВМРО-ДПМНЕ на таков начин да донесе опструиран ненароден закон. Или ќе правиме закон по мерка на некои лични или партиски интереси,како што тоа го прави сега ВМРО-ДПМНЕ.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки јас сум деловнички обврзан да дадам објаснување за ова што баравте вие или вашите префрлувања условно процедурално.

Колеги, јас по вашите кажувања ќе морам седницата да ја водам со речник. Да имам речник пред себе и да гледам кога кој збор недоликува да се кажува во Собранието.

Еве и вам ќе ви дозволам, три минути да слушнам во што е сега повреден Деловникот. Повелете.

Повеелте господине Стоиљковиќ, три минути.

**Иван Стоиљковиќ:** Господине потпретседателе, повторно колегата Кондарко зборува нешто што не треба. Ве молам да го опомените. Вие знаете дека јас седам овде како пратеник на Демокраската партија на Србите од Македонија, а господинот Хасипи како пратеник и како претседател на Демократската партија на Турците во Македонија. Ние не бевме на листата на Социјал демократскиот сојуз, ние сме на листата на "За Македонија заедно". И ве молам да го поправите господинот.

**Иван Анастасовски:** Не е тоа процедурална забелешка.

Продолжуваме со реплики, таму каде што застанавме.

Една минута контра реплика господине Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Вака Борис Кондарко, во однос на дијаспората вомојот говор јас искажав дека ние се залагавме и како опозиција и доставивме до овој Парламент законски проекти, за да им се овозможи да гласаат. Значи, ние имаме континуитет во своето залагање и барање и како опозиција и како власт. За 2006 година, цела јавност знае дека вие не само за изборниот законик, за сите поважни проекти кокетиравте, да не кажам тајно коалициравте со ВМРО-Народна партија. Вие сите и работни групи и законски проекти кои ви беа важни да ги обезбедите, под плаштот на опозициона партија ВМРО-Народна. Затоа, не би требало вие да спомнувате како СДСМ во 2006 година, иако започна пред годинаипол консултацијата, последната седница на Собрание го донесе Изборниот законик.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика има пратеник госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе, немам обичај да реплицирам кога зборуваат колегите, меѓутоа со оглед на фактот дека сум дури 20-та на ред јавена за дискусија, нема да стигнам очигледно во текот на денешниот ден, па сакам да исправам неколку работи, кои што навистина, ми рекоа, благо се невистини, искажани од колегата Трајко Вељаноски. Меѓутоа, ја знам вашата определба да ги браните ставовите на вашата партија, меѓутоа, кога зборуваме за факти да кажете тоа што нависитна е реално. Конкретно кога станува збор за Изборниот законик кој станува прва кодифиакција во законодавството на Република Македонија, се работи за проект кој не започна и не заврши за еден месец, или еден месец пред изборите, како што спомна колегата, туку за

проект кој претходно неколку години наназад беше започнат. Поточно, работата траеше во текот на целата 2005 година, иако претходно иницирана, меѓутоа, тоа е тоа. Фрустрациите на колегата Вељаноски, што во работната група учествуваше пратеник, пред распаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ, друг Блаже Стојаноски, не тој лично, е негов личен проблем, тоа што тогашното ВМРО неподелено предложило Блаже Стојаноски да биде дел од таа работна група, не се проблем ниту на СДСМ, ниту на некој поединец, а за потоа, кога ВМРО се распадна на две партии, вешто да се манипулира со тој податок, па дури и да не се доаѓа на средби, на состаноци за да може пред меѓународните фактори, секаде каде што ќе може и пред медиумите, ВМРО-ДПМНЕ да каже дека нема свој член во работната група. Тоа апсолутно, не е точно. Сите апртии кој го имаа и текстот на законот, имаа и свои претставници во работната група, можат да дадат забелешки. Еве јас од тоа време ги чувам тие податоци кои се забелешкит еи на ВМРО-ДПМНЕ и на Народна и на сите други партии во Парламентот, кои биле вклучени од почеток, во работата во однос на овој закон.

На краот да заклучам дека сите забелешки, ако се видат забелешките на ВМРО-ДПМНЕ за тоа што е предложено и што е прифатено, најмногу забелешки од ВМРО-ДПМНЕ беа прифатени, а од други партии, некои и не го подржаа Изборниот законик. Меѓутоа, проектот заврши успешно. Проектот како закон беше пуштен во Парламентот во јануари 2006 година, а изборите се планираа за есента 2006 година. Друго е прашањето што политичките апртии, тој процес на избори го забрзаа, па имаше избори летото, не доцна, но значи дека долго време пред изборите беше завршен Изборниот законик. За тоа имавме и позитивно мислење од Венецијанската комисија.

Потпретседателе ќе ми дозволите уште една реченица, во однос на избирачкиот список. Исто така, не можам да мислам дека е непристојно да се зборува за избирачкиот список, каков бил, посебно за изборите 2006 година, но и за локалните избори 2005 година бидејки немаше никакви забелешки, ниту од граѓани, ниту во извештаите од никој. Буквално, може да кажеме дека тој избирачки список беше на висината на обврските кои што ги имаше Република Македонија, во моментот кога го доби кандидатскиот статус за Европската унија. Но, што правите вие во изминатава година со избирачкиот список. Ништо од тоа штопретходно беше започнато,не продолживте. Напротив, назд се враќате.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, зборувавте повеќе од половина минута, ќе добиете збор па потоа ќе зборувате.

Една минут аконтра реплика пратеник Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** За две работи кој што ги кажав сега ги потврди Мери Младеновска. Прво, за работната група вие кокетиравте со ВМРО-Народна. Вие и покрај тоа што имаше јавно ветување од страна на тогашниот премиер дека ќе биде вклучена во изготвувањето на Изборниот законик и ВМРО-ДПМНЕ, вие кокетиравте и како што сами кажавте вклучивте член од ВМРО-Народна партија.

По однос на Венецијанската комисија, еве цела јавност знае, сите медиуми. Има и документи во кој се укажува дека еден текст испраќавте на мислење на Венецијанската комисија, а друг текст го носевте пред Парламентот во однос на решенијата. Со тоа што мавтавте за позитивно мислење по еден текст од страна на Венецијанската комисија, а друг текст беше во Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика за пратеник господин Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитуван господин Вељаноски.

Во вашето излагање слушнавме повеќе работи кои што дле од работите ви беа поделени во неколку фаз. Јас би се осфрнал на две работи од вашето излагање и тоа.

Прво, кога станува збор за гласањето на дијаспората, дадовте различни податоци. Во јавноста се шпекулира со податок од 190 иљади Македонци иселени надвор од Република Македонија.

Према некои податоци, кои што вие ги кажавте, кои што ги води ресорното Министерство се 50 до 60 иљади. Инсистирање беше и од претходните дискутанти, колкав е бројот на иселениците, кои што ќе гласаат од дијаспората. Таков податок ние немаме. И како пратеници и како политички партии. Тоа е едната работа.

Втората работа кажавте дека имало проект кој што ќе требало да гласа дијаспората, меѓутоа тој проект не успеал од технички причини, немало доволно технички причини во дипломатско-конзуларните претставништва и затоа бил одложен процесот на донесување на изменување на Изборниот законик, за гласање на дијаспората.

Дали во овој момент дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија ширум светот се спремни да спроведат избори. Јас мислам дека не се спремни. Направивте една паралела помеѓу парламентите на Слвоенија, Германија, Франција, Швајцарија. Паралелата е добра, кога се споредува Парламентот на Република Македонија со Паралментот на Словенија и на Франција и на Бундестагот, меѓутоа, со овој закон се предвидува зголемување на бројот на пратенците за 12%. Дали Република Македонија може да издржи парламентарен состав од 133 пратеници. Кажавте, за избирачките списоци за Државната изборна комисија. Зошто кога имате проект за измени на Изборниот законик, зошто не го

промените претседателот на Државната изборна комисија. Зошто не ставите човек уште сега од опозицијата, или тоа ќе чекате да го направите на месец дена пред избори. Ако сте толку транспарентни и ако толку се залагате за една транспарентност, направете го тоа сега во овој момент.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика пратеник господин Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски**: Јас ќе кажам со факти. Во однос на пописот од 1994 е кажана бројката која што е содржана и надвор од Република Македонија и податоците кои ги имаат надлежните институции. Јас тоа го кажав. Тоа го констатирав. Не кажав ништо друго.

Второ, зошто на пример не успеале одредбите кои што биле вметнати во законот да се имплементираат. Ако бидевте внимателни ќе видевте дека сите тие законски одредби во 1990 година, Закон за избор на пратеници и одборници, носени се месец дена пред изборите. Од 1996, Законот за локални избори,каде што е вметната одредба, тоа беШе месец дена пред изборите. Добро е што сега треба да се донесе ваков закон година дена пред изборите, за да може државата да биде ефективна во имплементација на гласањето од дијаспората. А не месец дена пред изборите.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Благодарам.

Секако дека сакам да реплицирам на делот на говорот што се однесуваше на ДУИ. Кажавте господине Вељаноски дека нашата реакција, по повод на овој Предлог закон е затоа што немаме аргументи. Секако дека имаме аргументи господине Вељаноски и тоа многу. Ама аегументите се за тие кои слушаат и знаат да ги примаат аргументите.

За жал, вие немавте ниту слух, ниту сакавте да слушате аргументи од некоја друга страна, па затоа, сакавте набрзина, преку капиџик на мала врата, да протуркате закон кој е многу битен и ги регулира правилата на игра на сите нас. Ние си ги користевме нашите можности, нашите средства, тоа да го спречиме да отвориме дебата за да ги кажеме нашите аргументи, затоа што не сакате да ги слушате. Затоа не гледам каде е проблемот. Зошто толку е проблем кога ние користиме демократски средства. Минатиот мандат многу интересни демократски средства да видиме од опозицијата, па не се налутивме.

Исто така, меѓу другото кај вашата аргументација да кажавте дека, цел на законот што вие го предлагавте за резервирани места, е начин на решение на конфликтот. Вие на овој начин само отворате конфликти, тоа се гледа од начинот како се дебатира во Собранието, што е целокупна филозофија на вашето мнозинство, на вашата Влада, само да најдете страни за конфликтот, што апсолутно е лошо за имиџот, за меѓународниот кредибилитет на Република Македонија .

Оридскиот рамковен договор, механизмите од Охридскиот рамковен договор, Бадентер, што е битен за нас и за сите други заедници, не е дојден како дел на системот на Република Македонија, како политичка волја, за жал, на мнозинството пред 2001 година, туку е дојден како дел на еден мировен процес и на мировни преговори. Затоа, не сме спремни за тие работи кои со тешкотии се дојдени како дел на политичкиот систем, олаком да дозволиме да избегаат и да бидат дел на една дебата која би траела половина ден.

Затоа сакам да заклучам со тоа дека поради овие причини и меѓународната рецензија или краткото меѓународно мислење за потребата од носење на овој закон во овој момент беше негативно. Беше укажано и убаво ни беше кажано на сите дека тајмингот е лош и дека без консензус и без заеднички разговори овие работи не се прават.

Ние сме подготвени да разговараме, немојте претходно да не обвините за нашите ставови кои ќе ги изнесеме тука, верувајте ми дека не можеме да бидеме против заедниците и мултиетничка Македонија бранејќи го Охридскиот рамковен договор. Против тој тип на Македонија и против Европска Македонија се тие кои се противат и сакаат на мала врата тоа да го променат.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓо Теута Арифи аргументите изгледа ви се состојат во 4 илјади амандмани. Доколку имавте аргументи, тогаш ќе беа составени во неколку амандмани и ќе се бранеа овде и ќе се имаше во предвид при гласањето по амандманите.

По однос на конфликтите, јас го кажав она што претходно меѓународен експерт го има кажано. Застапеноста на помалите етнички заедници во Парламентот можат со таа застапеност да ги артикулираат барањата на таа етничка заедница, да ги искажат во законодавниот дом и на тој начин се спречува да дојде до одредени конфликти. Или, ако има некаде, да се разрешат овде во законодавниот дом. Јас кажав некои работи дека со загарантирани резервни места аргументирано укажав дека не се руши Бадентеровиот принцип. Значи, не е идејата рушење на Бадентеровиот принцип и никогаш не ни била.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Три минути реплика за госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Внимателно го следев говорот на колегата Трајко Вељаноски и она што можам да сумирам неговиот говор се состои во компаративни искуства, проблемот околу избирачките списоци,

анализа на Охридскиот рамковен договор и Бадентер, но не ни одговори на многу важни политички прашања кои во мојот говор ги поставив тука и чекав одговор.

Првото прашање кое би го упатила од овде спрема колагата, зошто е побитен, колега Вељаноски, овој Изборен законик од сите други закони како што се конституирање на судскиот совет, Законот за управни спорови, конституирање на Управниот суд, конституирање на Апелациониот суд. Што ни е повежно до крајот на септември, дали Изборниот законик или овие проекти кои претходно ви ги кажав. Поставувам прашање дали оваа Влада знае што и е приоритетот, ако не знае, јас повторно ќе кажам, повлечете го овој закон и поставете го после 9 октомври кога ќе го добиеме извештајот од Европската комисија, а овие 20 дена да дебатираме за овие важни теми.

Друго прашање кое ми се наметнува, а од вашиот говор не добив одговор, ги ценам политичките барања кои се испоставени или дадени од малите етнички заедници, но ве прашувам вас кога вам ви падна на памет да ги земете предвид нивните барања кога ги немавте ниту во изборната програма ниту во првиот предлог за измена на изборните закони.

Јас се извинувам ако погрешно ме разбрале, во говорот, малите етнички заедници, дали сметате дека со поставување на една ваква точка на дневен ред кога е многу чувствителен период и време и кога е многу важен овој период за Република Македонија повторно подгревате меѓуетнички тензии.

Последното кое би сакала да ве прашам, велите дека сте до принципи, му дадовте, на господинот министер кој го следеше вашиот говор, предлози и забелешки на Предлогот на законот, но, ако се раководите од принципите не слушнав, а тоа беше ваш принцип, претседателот на Државната изборна комисија да предложите да биде од опозицијата.

На крајот, доколку не ми одговорите на поставените прашања кои ги упатив и до министерот и до вас, повторно ќе мислам дека ова е замајување, ова е искористување на некој за да се дојде до една единствена цел, а тоа е конституирање на судскиот совет, преземање на судската власт и подоцна фалсификување на избори затоа што сето ова нема механизам за заштита од тоа. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓо Цветанка Иванова, ние многу добро знаеме што ни е приоритет и тој приоритет го исполнуваме.

Но, да не се навраќаме кој и на кој начин како го блокира приоритетот.

По однос на тоа како ни паднало на памет, на некого треба многу да му се кажува за да може да му падне на памет, некому доволно е еднаш, па да го свати тоа. Сега, штета, вие сте изгледа, не можете да сфатите дека немате ексклузивно право на пратеници од помалите етнички заедници. Тој ексклузивитет вие го влечевте до сега и саката понатаму да продолжите да го влечете. Еднаш, два пати ве опоменаа, искористување. Што ги искористуваме и што искористуваат тие кога се борат за своите етнички заедници. Со тоа што се борат за своите етнички заедници се искористени? Пак ги навредувате.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Последен за реплика господинот Слободан Најдовски, повелете вашите три минути.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседател.

Господинот Вељаноски заслужува реплика со оглед на тоа го кажува ставот на владеачкото мнозинство и тоа е став на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата на Република Македонија.

Мојата реплика воопшто не сакам да ја сфатите и не сакам да влезам во играта за или против етничките заедници, туку чисто она што од првиот ден се залагав.

Затоа господине Вељаноски во ваше име и во име на Владата и на ВМРО-ДПМНЕ мислам дека должите неколку одговори на прашањето кое го загатнавте.

Прво, која е уставната разлика меѓу деловите од албанскиот народ и делови од турскиот, српскиот, ромскиот, влашкиот и бошњачкиот народ. Со овој закон правите разлика. Тоа е првото прашање.

Второ, Уставот дефинира не мнозински заедници. Една има мнозинска тоа е Македонскиот народ, другите се не мнозински заедници. Зошто тогаш овде различно ги третирате. Дали има, според вас, не мнозински заедници од прв, втор или трет ред? За мене нема разлика меѓу етничките заедници во Република Македонија. Според моето мислење и тие имаат ист третман и албанската етничка заедница и српската и ромската и бошњачката и турската, да не заборавам некој.

Тогаш клучното прашање, зошто не предложивте квора и за албанската етничка заедница. Немојте со она оправдување дали ќе имаат плус минус еден пратеник. Мене ми е многу побитно третманот во оваа држава и немојте да се вадите на Охридскиот рамковен договор, вели оние што имаат над 20%. Се знае за кои прашања е Охридскиот договор.

Последното прашање, не сакам да навлегувам, моето пратеничк искуство ме учи на нешто. Во овој Парламент секогаш имало најмалку две партии на Албанците во Република Македонија. Секогаш по клучни прашања едната е задоволна, едната е незадоволна. Ние се одредуваме дали едната албанска партија во овој момент е во право, или другата во друг момент е во право, а сите имаат една единствена цел. Се лажете сите што мислите дека Бадентер ќе го искористите по

прашања кои се од интерес на Албанците. Албанците ќе се разделат по Бадентер кога ќе има именувања дали за Судски совет или за некои места, тогаш ќе се разделат.

Но, господине Вељаноски бидете убедени дека по клучните прашања нема да се разделат.

Ваков начин, на ваков приод мислам дека не е добар. Отвораме длабоки политички проблеми во Република Македонија. Се надевам дека ќе ми одговорите зошто за албанската етничка заедница нема квоти за да бидат сите етнички заедници, според Уставот, рамноправни. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Пред да добиете една минута контра реплика, има процедурално.

Три минути процедурално за господинот Агим Рамадани, повелете да видиме во што е процедурата.

**Агим Рамадани:** Не мора да ги ставате слушалките господине потпретседателе ...

**Иван Анастасовски:** Не знам јас на кој јазик ќе почнете, така што јас сум обврзан, повелете.

**Агим Рамадани:** Поради тоа што вам ви се обраќам, требаше да го стопирате во зборувањето господинот Слободан поради тоа што бараше објаснување и требаше во моментот да му објасните дека дел од Албанскиот народ се разликува од другите делови на другите народи во Македонија освен Македонскиот народ во процентуална категорија. Тоа е едно ваше неинтервенирање.

Второ, многу ми е жал, да му кажете на господинот бидејќи процедурално треба вам да ви се обратам, да му пренесете на господинот Слободан Најдовски дека работата на Албанците е да го бранат интересот на својата заедница во Република Македонија било во опозиција било во позиција, а него што го боли тоа и јавно го кажа, не му е срам, дека по побитните прашања Албанците се заеднички, тоа е многу лоша теорија господине Слободан Најдовски. Вие на тој начин зборувате против демократските принципи во Република Македонија и ништо друго.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Ова веќе не е процедурално. Јас реков на почетокот најверојатно ќе треба да носам речник со себе и во речникот да барам кој збор го нарушува достоинството, а кој не на Парламентот и така да ги водам седниците.

Повелете една минута контра реплика, господине Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Господине Слободан Најдовски ако добро слушавте во мојот говор јас се осврнав на изборниот систем. Изборниот систем е тој ако избереш еден тип на изборен систем, а помалите етнички заедници не се сконцентрирани на едно место, оневозможува нивно присуство во изборот и претставување во Парламентот.

Вие се согласувате дека за да бидат претставени овде мора да коалицираат. Мора да бидат со СДСМ, мора да бидат со ВМРО, мора да бидат со ДПА, мора да бидат со сите други и на то јначин како што кажа Борис Кондарко да ги поистоветуваат како СДСМ сега. Не, тие сакаат да бидат претставници на својата етничка заедница, да го добијат гласот од својата етничка заедница и да одговараат за постапките, за борбата во Собранието пред својата етничка заедница, а не пред СДСМ.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Господине Анастасовски, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Денеска имаме на дневен ред закон кој до оваа собраниска седница можеби немавме согласност за тоа дека е најзначајна, меѓутоа, добро е што на самиот почеток од оваа седница се усогласивме дека е тоа многу значаен закон за Република Македонија, за развојот на Република Македонија, за демократијата и воопшто за напредокот на граѓаните на Република Македонија.

Во таа функција сакам да искажам свои сопствени размислувања во делот на донесувањето на овој закон, периодот во кој се донесува овој закон, а многу малку би сакал да кажам околу одредени решенија кои ги нудите во Изборниот закон на Република Македонија.

Зошто кажав на почетокот дека е добро што се усогласивме во однос на овој закон. Заради тоа што при доставувањето на Законот во Собранието на Република Македонија од страна на Владата на Република Македонија, значењето на овој закон во смисла на функцијата што ја има, во смисла на развојот на демократијата и на сите принципи кои ги наведов на почетокот укажува само со една реченица, дека не е во прашање ниту сложен ниту обемен закон и заради тоа Владата го поднесува овој Предлог и предлага по него да се расправа на истата седница на Собранието на Република Македонија. Тоа е ставот на Владата кој има поинакво мислење од моето дека се работи за исклучително значаен и сложен закон за кој треба да има и те како расправа помеѓу политичките партии во Парламентот на Република Македонија и воопшто помеѓу политичките партии во Република Македонија.

Зошто сметам дека се усогласивме на почетокот на оваа седница? Токму заради тоа што заменик координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на почетокот од седницата во процедуралната забелешка која ја имаше кажа и го потврди мојот став и мислење во однос на овој закон, а тоа е следното, ќе цитирам:

Господинот Трајко Вељаноски вчера на почетокот на седницата рече:

"Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери водејќи сметка дека овој закон е многу значаен за политичкиот плурализам и демократија во Република Македонија со оглед на тоа што има доволно време до првите наредни избори, знаеме дека наредните избори се претседателски и локални". Делумно овие одредени законски решенија кои се предложени имаат своја импликација и со оглед на тоа што Владата година и пол пред овие избори достави Предлог на закон, значи има доволно време дека е потребен, напоменувам, дека е потребен поширок консензус во однос на донесувањето на ваков битен и многу значаен закон кој е значаен за политичкиот плурализам и демократијата во Република Македонија, побара поддршка од 10 пратеници за еден свој предлог.

Навистина задоволство е од два аспекти да слушнете еден ваков исказ од заменик координатор на пратеничката група прво, заради тоа што за прв пат во овој парламентарен состав се разликува од ставот и мислењето на Владата на Република Македонија и тоа посебно ме израдува.

Значи, има одредени моменти и одредени сегменти во расправата во Парламентот во кои дури и ВМРО-ДПМНЕ, замислете, може да има спротивен став од она што го кажал Никола Груевски на седница на Влада.

Втората работа за која исто така сум задоволен е што ВМРО-ДПМНЕ еволуирал во сопствените ставови по однос на вака значајни прашања во Република Македонија заради тоа што ако претседателот на ВМРО-ДПМНЕ кој е и претседател на Владата да има став дека е ова не многу значаен ниту сложен закон и може да се расправа во Собранието кога нему ќе му текне или на парламентарното мнозинство, сега исто така заменик координаторот на пратеничката група, господинот Вељаноски укажува дека е ова многу значаен закон по кој ќе мора да се постигне консензус, значаен за демократијата, за плурализмот итн. и навистина за почит е ваквата еволуција во размислувањето на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека навистина за значајни прашања во Парламентот ќе мора да се седне да се разговара и на тој начин понудија ова да се расправа во две фази.

Не понудија заради тоа што веруваm искрено тоа го мислеа. Понудија заради тоа што го почувствуваа притисокот во Собранието на Република Македонија од страна на опозицијата дека за одредени прашања во Република Македонија ќе мора да се седне и да се разговара. Ќе мора да се најдат заеднички решенија и на тој начин да покажеме сериозност и пред граѓаните на Република Македонија дека навистина сме сериозни и одговорни за многу значајни, витални прашања кои се и за државата и за граѓаните на Република Македонија.

Жал ми е, морам да констатирам уште еднаш, што денеска расправаме за една тема за која и вчера говорев по повод еден друг закон, теми кои постојано на секоја од седниците се наметнуваат по мерка на ВМРО-ДПМНЕ без осет за приоритети во Република Македонија, без осет за напредок пред се во европските и евро атланските интеграции, без осет дека навистина треба нешто добро да направиме за граѓаните на Република Македонија.

Зошто ова го говорам. Постојано на одредени координации кои што ги имаме помеѓу пратеничките групи се бара парламентарните групи да се согласат што е можно поскоро да започнеме со реализација на европската агенда. Такво нешто беше предложено и дадени механизми уште во март 2007 година од страна на СДСМ, како и на кој начин да ги забрзаме процесите во донесување на ваквите закони. Таквите предлози веројатно останаа некаде во фиоките од кабинетот на Љубиша Георгиевски, заради тоа што, не е тоа партиски интерес на ВМРО-ДПМНЕ за напредок во овие процеси. Имаат сосема некои други интереси кои што од ден во ден се повеќе се склопува тој мозаик и веќе може да се назира сликата која што ја нуди Груевски и ДПМНЕ во јавноста и тоа неминовно ќе излезе и на виделина. И токму заради тоа, постојано на таквите координации се забележува, еј сега дајте да забрзаме, наметнуваме теми во Собранието кои што не се теми што решаваат одредени приоритети, пред се во европски и евроатлантски интеграции, не се приоритети кои што решаваат проблемите на граѓаните на одредени категории на луѓе и тн. и тн. И тогаш и сега се чудам кој е тој што ги наметнува тие теми во Собранието на Република Македонија, освен ако не, тој кој што испраќа закони до Собранието, тоа е Груевски или оној кој што закажува седници постојано во Собранието на Република Македонија, Љубиша Георгиевски. Нема други механизми. За тоа не можете да го обвините ниту СДСМ ниту ЛДП, ниту било која друга опозициона партија. Тоа е исклучиво одговорност на ВМРО-ДПМНЕ и на нивната политика која што ја имаат во овој период, ама и тоа е дел од мозаикот. И тоа е едно од фигурите кои што ќе бидат ставени на тој мозаик, за што набрзо ќе излезе реков и сликата. Постојано наместо да седнеме и да разговараме и да се договараме за вакви законски проекти за кои што постојано имаме некакви седници, координации, искажувања, декларации, желби на парламентарните групи, дека ќе седнеме и да направиме вистински политички дијалог во смисла на унапредување на овој процес, постојано ќе најдеме накаков закон. Вчера кажав дека, или во дневниот ред со неколку европски закони ќе ставиме закон со кој што ќе треба да решиме одреден партиски интерес во делот на внатрепартиската коалиција, или ќе ставиме одреден законски проект кој што ќе реши одредено персонално решение или ќе поставиме на дневен ред измена одредена кадровска во некои институции каде што ги именува Собранието на Република Македонија, или ќе смениме одредени законски проекти кои што во моментот им штетат за склучување на

одредени договори на владеачката гарнитура и тн. и тн., ама никако не можеме да дојдеме постојано да работиме и да решаваме одредени седници и точки кои што се приоритет за Република Македонија и за кои што декларативно сите изјаснуваме дека и тоа како сме загрижени во овој период.

Сето тоа до сега можеше да се разбере, да се нудат разни аргументи пред македонското Собрание и пред се пред граѓаните на Република Македонија, дека постојано излегуваат некои итни потреби кои што треба да бидат на дневен ред во Собранието на Република Македонија и кои што, и покрај тоа што ни одвлекуваат дел од вниманието во европскиот процес, мораме да ги решиме во овој момент. Меѓутоа денеска сум апсолутно убеден дека овој закон не е никаков приоритет во овој момент во Република Македонија, ниту на оваа денешна седница на Собранието на Република Македонија. И тука веќе добив јасен и дециеден одговор дека ниту Груевски ниту ДПМНЕ навистина немаат никаква желба за реализација на европската перспектива во Република Македонија. Желбата е што повеќе популизам во народот, што повеќе зголемување на сопствениот рејтинг, меѓутоа тоа многу скоро ќе пукне како балон и ништо од таквите работи нема да останат како добро за Република Македонија, не како добро за одредени поединци кои што во овој момент ја сфаќаат власта како апсолутна моќ во Република Македонија и наметнување на една строгост од страна на владеачката гарнитура.

Зошто ова го говорам. Ова ќе го поткрепам и со одредени примери.

Прво, најзначјно во една парламентарна демократија е да имате согласност, да седнете да разговарате со сите политички лидери, политички партии, парламентарни, вонпарламентарни за одредени значајни политички интереси, за одредени значајни национални интереси. Тука нема политика. Врвен национален интерес на Република Македонија е членството во Европската унија и НАТО. И навистина ако сите заедно седневме и се договараме во овој дел, ќе бев убеден дека прва и основна точка во агендата на Груевски е Европската унија и НАТО. Меѓутоа не е така. Фактите говорат сосема нешто спротивно.

Втората работа битна за демократијата во Република Македонија е да имате согласност околу три проекти кои што се парекселанс политички прашања и кои што треба да ги решаваме со консензус овде во Собранието на Република Македонија, за што реков дека еволуиравте веројатно после најавата на Трајко Вељаноски дека се тоа значајни прашања, а тоа е,

Прво, изборниот закон во Република Македонија. Донесувањето на изборниот закон, не само во Република Македонија, секаде во развиениот свет во демократијата во светот има разговор и консензус по делот на изборниот закон.

Второ прашање по кое што треба да имаме консензус. Како политички партии, тоа е Законот за политички партии и

Трето прашање, Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Зошто не е тоа така. Сите три проекти, без да има некакви разговори помеѓу политичките парти ги доставивте на расправа во Собранието на Република Македонија за нешто што воопшто никој не беше консултиран, едноставно пратениците дома ги добија законските проекти и прочитаа дека Груевски наумил да решава дел од овие законски проекти. Не случајно, за да има алиби за неуспехот кој што ќе го доживува во секој дел од политичкиот живот во Република Македонија. За тоа тоа го прави, смислено. Така бидна со Законот за политички партии, со истата реченица, ниту сложен ниту обемен закон, дајте ќе го разгледаме во Собранието на Република Македонија и ќе го донесеме како што ќе кажам јас.

Вториот беше Деловникот за работа во Собранието на Република Македонија, исто така доставен. Кога не можеше да им помине така лесно, е тогаш некој друг им е виновен заради тоа што не можеле да го донесат Деловникот на Собранието на Република Македонија, и видете, тој е многу значаен документ за европската перспектива, зашто, заради тоа што сегашниот не е добар, не може по него добро да се работи, не можеме да ги донесеме законите, а со тој Деловник добивме кандидатски статус на Република Македонија за членство во Европската унија. И сега замислете за третиот, за изборниот закон во Република Македонија.

Пред некое време имавме координација на координаторите на пратеничките групи во Собранието на која што разговаравме за утврдување на листа на приоритетни законски проекти кои што ќе значат унапредување на процесот на интеграција во Европа и во НАТО во Република Македонија. Сите декларативно, до крај, искрено се надевав дека беше на таа координација, па неможеше тоа да го направиме еден ден, па и утредента продолживме правевме список со потписи на сите координатори на пратенички групи и тн. за да утврдиме приоритет. И замислете. Вечерта одам дома, во една од пратките го добив изборниот закон за Република Македонија. Па каде е тука искреноста, каде е тука намерата за европска перспектива на Република Македонија од страна на Груевски. Тоа веќе почна да ме убедува, сега реков дека дефинитивно сум убеден дека од таа работа нема ништо, туку едноставно овие се проекти за кои што се бараат одредени алиби во даден момент кога тоа ќе биде потребно.

Овде мислам дека сега пред Собранието ниту од страна на претставникот на Владата, министерот Маневски немаше значајни аргументи, во негов стил ќе дојде, ќе исчита одредено експозе кое што веројатно му го подготвил некој во смисла на тоа што чека да се постигне со донесувањето на

еден ваков закон или што чекаа да се постигне во расправата во Собранието на Република Македонија, ќе понуди аргументи дека еден од деловите за усогласување со европското законодавство е токму изборниот законик. Тоа апсолутно не е така, тоа добро го знае и тој и Груевски и ќе отвориме расправа која што ќе трае, толку колку што ќе трае, меѓутоа и два часа да трае, за мене ова претставува изгубено време за Република Македонија и за нејзините граѓани. Ако чекаме извештај од Европската комисија за напредокот на Република Македонија, а ни со прст да не мрднеме во донесување на одредени законски значајни проекти, да седнеме да разговараме, тоа навистина не можете да ме убедите дека овој закон е дел од европската перспектива на Република Македонија. Направив некои анализи што све сме оставиле незавршено во работата на овој Парламент. 20 седници незавршени, од кои што првата започнала, седмата седница на 20 октомври 2006 година. Година дена скоро од денес наназад. Многу значајни проекти, меѓу кои и проектите со кои што би добиле еден плус во извештајот на Европската унија. Меѓутоа се разбира за таквите проекти ќе треба да се разговара, ќе треба да седне Груевски да има доблест да ги сослуша аргументите и на опозицијата и да сфати дека за таквите прашања ќе мора да најде консензус и на тој начин да покаже добра волја и намера дека навистина сака да го исполни декларативниот искажан став во однос на напредокот во Европската унија. Не е така.

Еве на пример, на една од седниците, која што е 45-та седница, започната на 30 мај - Закон за јавни набавки во Република Македонија на дневен ред. Па на 11.06. започната нова седница, 47-ма - Предлог-закон за изменување на Закон за управни спорови од европската агенда. Па, тука е Законот за вонпарнична постапка, па Кривичниот законик, па усогласувањето на Закон за поштенски услуги, Закноот за јавни набавки повторно ставен на дневен ред, не донесен законот за Совет на јавни обвинители и тн. и тн. Ќе разберев ако навистина, оваа европска агенда не ја исполнивте до крај, ама да решевте некои проблеми кои што се значајни за граѓаните на Република Македонија. Ќе разберев ако денеска или пред некој ден расправавме за закони кои што ќе значат решавање на проблемот на стечајните работници. Или ќе расправавме за Законот за изменување и дополнување на Законот за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, за рокот, продолжување за пензионирање и тн. и тн. Тоа ќе му укажеше дека оваа Влада на Груевски и ова парламентарно мнозинство е свртено кон исполнување на одреден интереси на граѓаните на Република Македонија во даден момент. Заради тоа ги занемарува законите од европската агенда.

Ама, не се и тие денеска на расправа. Тоа укажува дека не сте заинтересирани ниту за граѓаните, ниту за европската перспектива на Република Македонија.

Тоа се факти и аргументи, на некого може му се допаѓаат, на некого можеби не, ама тоа е така. Што е она што го нудиме како измена во Законот за избори, односно Изборниот закон.

Се нудат три значајни измени во Изборниот закон за кои што не се седи да се разговара ниту со една политичка партија во овој Парламент за која што се започнуваат одредени разговори по други теми, па се наметнува во меѓувреме темата на Изборниот закон без конкретни ставови, за да се каже дека наводно требало да има некакви разговори и се нудат одредени законски решенија.

Тоа ќе беше сериозно ако овие аргументи ги отворевме на маса и претходно. Ако ја кажевте сопствената намера дека навистина имаме желба да направиме изборен закон, или законодавство кое што ќе кореспондира со законодавството на европските развиени земји. Па, ние тоа го имаме, законодавство кое што беше оценето со највисока оценка минатата година кога се подготвуваше. Закон донесен врз база на широк консензус во Република Македонија меѓу политиките партии со прифаќање на сите забелешки и аргументи кои што беа од страна на опозицијата, во тоа време ВМРО-ДПМНЕ и закон кој што беше донесен исклучиво со поддршка на ВМРО-ДПМНЕ.

Може секој да кажува, да импутира дека ова било договор, или сме сакале во тоа време да правиме договор со некоја друга политичка партија, ВМРО-Народна партија, меѓутоа земете ги стенографските белешки, како и другите што ги земавте и ќе видите дека ВМРО-Народна не го поддржа овој закон, а го поддржа ВМРО-ДПМНЕ заради исполнување на сите обврски кои што беа побарани тогаш од Владата и како таков имавме изборен процес кој што беше оценет како фер и демократски изборен процес и еден плус во делот што Македонија го доби во напредокот кон нејзините европски и евроатлантски перспективо.

И тоа е факт. За тоа можеме да спориме, можеме да кажуваме различни мислења, меѓутоа тоа е факт кој што е во Република Македонија.

Така да усогласувањата, сите тие кои што господинот Вељаноски ги читаше овде од говорница и кажуваше што се се побарало да се вгради во изборното законодавство во Република Македонија, во Република Македонија е вградено. Еден од предлозите кој што е во Изборнио закон понуден пред пратениците во Собранието како дел од усогласувњето со европското законодавство, како што ќе каже господинот Маневски како основна причина е искажувањето на забелешките од страна на ОДХР, од ОБСЕ дека избирачкиот список треба да го води Државната изборна комисија, а не Министерството за правда и најзначајната измена, замислете најзначајната измена за која што не кажува министерот дека е најзначајна, туку Трајко Вељаноски, најзначајната измена била дека овој список ќе се префрли да се води од Министерството за правда во Државната

изборна комисија, како една одредба од овој закон.

И тоа ќе беше навистина така, јас тоа го прифаќам како дел од измената, како забелешка која што ја имала ОБСЕ, организацијата која што го следи изборниот процес, не само во Македонија, туку е и задолжен да имаме изборен процес кој што ќе доликува на изборен процес на демократски развиена држава. Само ако немаше една одредба, која што ја има во моментот во овој понуден закон од страна на Министерството за правда, господинот Михајло Маневски. Тоа е одредбата дека Министерството за правда ќе продолжи да го води избирачкиот список до создавање на потребните услови за преземање од страна на Државната изборна комисија, а Државниот завод за статистика ќе продолжи да ја врши организационо технички и методолошка обработка на податоци од избирачкиот список до негово конечно преземање од страна на Државната изборна комисија. Зошто, ако е искрено дека во овој момент сакаме да го префлиме избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија, тоа ќе се направеше сега по претходни подготовки, година дена сте на власт, можевте да ги подготвите сите мерки, технички средства, човечки ресурси во делот на преземањето на избирачкиот список, заради тоа што моментално нема ништо на терен. Освен Државната изборна комисија на терен никој друг не функционира кој што е задолжен да го води избирачкиот список, меѓутоа и ова не е случајно. Не е случајно, имајќи предвид кој е носител на правењето на овој закон, господинот Маневски. Министерството за правда ќе продолжи да го води избирачкиот список се до оној момент додека не создаде список кој ќе е по мерка на ВМРО-ДПМНЕ и со кој што избирачки список ќе можете да правите се што правевте во периодот додека бевте на власт и во 1999 година, и кога украдовте избирачки легитимации, и кога фалсификувавте избори и кога имаше погинати луѓе во Охрид и тн и тн.

Се до тој момент немојте зад оваа одредба од Законот да се скривате пред граѓаните на Република Македонија. Ако е намерата чесна ќе стоеше датум, ќе стоеше ден, ќе стоеше месец во кој што вие ова ќе го дадевте на Државната изборна комисија. Меѓутоа, ќе биде во оној момент кога ќе каже господинот Маневски, заради тоа што е задолжен покрај сите други работи што ги спроведува во овој сотав на Парламентот и во оваа Влада, покрај тоа е задолжен и ова да го направи како некое меѓусебно договарање, или математики кои се имаат со премиерот Груевски, а имаат многу големи математики за кои треба да се договараат тие двајца.

Затоа мислам дека тој како главен аргумент дека носењето на овој закон е од тие побуди што има забелешка ОБСЕ и ОДХР отпаѓа. Тоа го направивте само со едно вакво предложено решение со конкретни мерки.

Второ, во делот на гласањето на дијаспората или иселениците од Република Македонија. Овде се читаат уставни одредби од Уставот на Република Македонија, неколку колеги ги прочитаа пред македонската јавност, пред пратениците да ни кажат дека добро ги толкуваат, дека на секого во Република Македонија со наполнети 18 години му се гарантира провото на избор. Тоа никогаш не било спорно. Кажете ми кој државјанин на Република Македонија му било забрането да гласа. На никој. Секој државјанин на Република Македонија имал избирачко право и бил дел од избирачкиот список во Република Македонија. Најдете ми еден државјанин на Република Македонија на кого му било забрането да не гласа на избори. Ноторна лага искажана од оваа говорница и мислам дека попусто се трудите да парафразирате некои одредби од Уставот за кои што, веројатно и самите доволно не ги разбирате.

Начинот на кој што сега се овозможува да гласаат иселениците во дипломатско конзуларните претставништва надвор од Република Македонија, тоа е новината, а не да им воведете право на глас. Ние ви даваме како ВМРО-ДПМНЕ да можете да гласате. Тоа им го дава Уставот, неможе ниту вие, ниту СДСМ да им го даде, ниту било кој друг. Денес со овој закон се предлага гласање на дијаспората во дипломатско конзуларните претставништва по принципот кој што е предложен, за три изборни единици на трите континенти итн. За мене тоа е прифатливо. Прифатливо е да може да се гласа, меѓутоа навистина да искажеме одредени забелешки и дилеми кои што ги имаме овде, добро да се размисли во тој дел и да се понудат решенија. Очекувам дека во наредната фаза кога ќе дојде законот во Собрание ќе се понудат одредени законски решенија кои што ќе гарантираат или ќе ни ги расчистат моите дилеми во однос на ова.

Прво, навистина една голема дилема за мене е, покрај тоа што има статистички податоци колку се тие луѓе кои живеат надвор од Република Македонија, многу симптоматична одредба за мене. Пријавувањето на оној што сака да гласа во дипломатско конзуларните претставништа. Тој што ќе се пријави, тој ќе има право на глас. Тој што нема да се пријави нема да има право на глас. Тука гледам начин и можност за злоупотреба. Можете да направите господо од ВМРО-ДПМНЕ таква злоупотреба, заради тоа што во ваши раце е да ги запишете сите тие наводно дека се пријавиле да гласаат, а што нема да дојдат да гласаат во тој момент во дипломатско конзуларните претставништва. И, со тоа само ќе биде повисок цензусот на тој начин веројатно сакате неуспешни претседателски избори во Република Македонија. Сакате избори за претседател, како што имаше нашиот северен сосед во Србија со неисполнување на таквиот ценсус, па потоа мораше да го промени изборниот закон во делот на изборот на претседател. Веројатно, тоа е и вашата намера, после такви неуспешни избори, едни вторпат, третпат, што ќе ја чинат Република Македонија

многу повеќе, да ја смените конституцијата во тој дел, на изборот за претседател на Република Македонија.

Јас сакам да се лажам и да не е тоа така, сакам навистина да имате искрени намери, меѓутоа имајќи предвид што правевте во еден период на некои претходни претседателски избори, навистина не можам да бидам сигурен дека таквото нешто е искрено што го кажувате, туку ендоставно сакате да направите нешто што ќе биде лошо за Република Македонија. Можеби добро за Груевски и за ВМРО-ДПМНЕ, ама лошо за Република Македонија. За такви работи немате мандат од граѓаните на Република Македонија. Имате мандат да обезбедиме најдобри можни услови за живеење и исполнување на интересите на граѓаните на Република Македонија.

Второ, како и на кој начин ќе се заштити правото на глас, правото на избор во дипломатско конзуларните претставништва. Исто така, недоволно регулирано.

Ми се поставува дилемата дали навистина еден човек ќе значи еден глас или еден амбасадор значи многу гласови, во тоа дипломатско конзуларно претставништво. Ќе биде по онаа народната, не е важно кој гласа, важно е кој брои. Тоа е веројатно вашиот интерес. Заради тоа, нема консензус во именувањето на амбасадорите од Република Македонија во многу држави во Европа и светот. Тоа е еден од основните мотиви кој го кажувате овде во изборниот закон.

Навистина, сакам да ме разубедите во сите мои дилеми кои што ги имам при добивање на законот во втората фаза и да ја покажете вашата искреност и сакам за ова да се лажам ако не е така.

Трета работа, сакам да ве прашам, како ќе им обезбедите да гласаат сите граѓани на Република Македонија и државјани на Република Македонија ...........

**Иван Анастасовски:** Само една секунда колега.

Бидејќи, имаме уште една минута до крајот на денешното работно време, претпоставувам вашата дискусија ќе трае малку подолго........

**Оливер Спасовски:** Утре ќе продолжиме.

**Иван Анастасовски:** За тоа сакав и да се договориме, па во тој случај би требало да си го задржите правото утре седницата да почне со вас. Дали може така да направиме?

**Оливер Спасовски:** Може така да направиме.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам во секој случај.

Колеги пратеници, овде завршуваме за денес.

Продолжуваме утре со истата седница и со говорот на колегата Оливер Спасовски. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,28 часот)